Јавна Општинска Установа - Детска Градина  "МИЛО МОЕ"  Чучер Сандево,

Чучер Сандево

www.milomoe.mk

email:gradinka_milomoe@yahoo.com

# Г О Д И Ш Н А     П Р О Г Р А М А

2025 / 2026

Август 2025,  ЈОУДГ „МИЛО МОЕ “-Чучер Сандево

Содржина:


| **Реден бр.** | **Содржина** | **страна** |
|---|---|---|
| **1.** | Вовед | 2 |
| **2.** | Просторни услови и опременост на објектите | 5 |
| **3** | Организациона поставеност | 17 |
| **4.** | Здраствена заштита на децата | 18 |
| **5.** | Играта како основна активност во градинка | 19 |
| **6.** | Организација на работата во градинката | 21 |
| **7.** | Планирање на воспитно-образовна работа | 22 |
| **8.** | Инклузија на деца со псебни потреби | 44 |
| **9.** | Програма за јавни манифестации | 47 |
| **10.** | Сработка со општествената средина | 54 |
| **11.** | Професионален развој на вработените во установата. | 58 |
| **12.** | Стручно усовршување на згрижувачкиот и воспитно-образовен кадар | 72 |
| **13.** | Годишна програма за работа на директор | 77 |
| **14.** | Годишна програма на педагог | 83 |
| **15** | Годишна програма на психолог | 89 |
| **16** | Работа на административно финасиско сметковотствено технички кадар | 92 |
| **17** | Тековно-инвестицион оддржување | 93 |
| **18** | Визија | 94 |

**Вовед:**

Годишната Програма за работа со деца од предучилишна возраст,претставува план за активностите кои треба да се реализираат оваа година со децата запишани во градинката, и е документ од јавен карактер, усогласен со современите општествено – демократски движења кај нас , како и со Декларацијата и Конвенцијата за правата на децата.Годишната Програма е заснована на согледувањата кои се добиени од реализација на Програма за воспитно – образовна работа со децата од предучилишна возраст, издадена 2009 година, Програмата за рано учење и развој , издадена во Март 2014 година, базирана врз ‘’ Стандардите за ран детски развој ‘’ во кои се вградени интелектуално – сознајните и менталните потенцијали на детето од деветмесечна до шест годишна возраст, како и позитивните ефекти од реализација на Програмите за ‘’Граѓанско образование ‘’ и ‘’ Инклузија на децата со поесбни потреби ‘’.

- Програмата се темели на следниве принципи :
- Принцип на демократичност ( почитување на личноста на детето како основа за реализирање на воспитно – образовниот процес) .
- Принцип на отвореност на воспитно – образовниот процес ( отворен кон сите институации во кои живее , се развива и комуницира детето ).
- Принцип на еднакви можности и почитување на различностите помеѓу децата и принцип на мултикултурализам ( обезбедување еднакви услови за оптимален развој на секое дете)
- Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој преку холистички пристап кон секое дете.
- Принцип на целосност и интегритет (потреба од воспитно – образовно дејствување , развивање и интегрирање на детската личност).
- Принцип на индивидуализација (следење на индивидуалниот развој на детето и усогласување на воспитните интервенции од страна на возрасните со детските карактеристики и специфичности ).
- Принцип на живост ( органиизрани животни ситуации, со цел добивање на животни искуства).
- Принцип на активно учење ( постојана евалуација на воспитно – образовна работа )

Во Годишната програма главна определба е професионален пристап кон раното згрижување , воспитување и образование , како прв дел и темел на згрижувачко – воспитниот кадар, почитување и градење на детската личност и градење партнерски однос со родителите.

## 1.1 ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

Врз основа на член 20 од Статутот на Јавната Општинска Установа – Детска Градинка „МИЛО МОЕ“ -Чучер Сандево општина Чучер Сандево, Скопје, а врз основа на член 168 став 5 од Законот за заштита на деца („Сл.весник на Република Македонија“ бр.23/13; Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.12/14); Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.44/14); Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.144/14); Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.10/15); Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.25/15), Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.150/15), Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.192/15; Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.27/16); Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.163/17; Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.21/18“); Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Македонија“ бр.198/18); Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.104/2019); Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.146/19) и Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19). и Законот за Заштита на деца Консолидиран текст, Закон за дополнување на Законот за заштита на децата 311/20, Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата 294/21, 150/22, 236/22,256/24 ,17/25 и консолидиран текст ноември 2022 год), од страна на Министерот за труд и социјална политика, како и Законот за заштита на лични податоци ( Службен весник на Р.Македонија , бр.7/05,103/08, 124/10 и 135/ 11 ) , Програмската структура на воспитно – образовната дејност заедно со Плановите и Програмите за одделните воспитно – образовни подрачја , изготвени од Бирото за развој на образованието на Република Северна Македонија, Програмата за Ран детски развој , базирана врз Стандардите за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 годишна возраст , документ изработен од Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија издаден во Март 2014 година, Програма за рано учење и развој за деца со пречки во развојот , документ изработен од Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија издаден од 19.05.2015 година, Функционалниот развоен план на ЈОУДГ„МИЛО

МОЕ„- Чучер Сандево, Позитивните искуства и резултати што ги постигнала детската градинка во изминатиот годишен период на полето на воспитно – образовната работа ,како и согласноста од локалната самоуправа општина за Програмата за работа на ЈОУДГ за 2024/2025 година, директорот на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „МИЛО МОЕ“, Чучер Сандево , ја донесе следната:

**Г О Д И Ш Н А П Р О Г Р А М А**
**за работата на ЈОУДГ „МИЛО МОЕ“- Чучер Сандево за период 2025/2026 година**.

Годишната Програма на Установата ЈОУДГ „МИЛО МОЕ“- Чучер Сандево е изработена од стручниот тим на истата. При нејзина изработка тимот се раководеше од Програмата за рано учење и развој, која е донесена од Министерство за труд и социјална политика излезена во службен весник на ден 06.03.2014 година.

Годишната Програма за работа на Установата содржи:

- организација и работно време на градинката,
- програмите на детската градинка,
- распределба на децата во возрасни групи,
- работата на Директорот и стручните работници ( психолог, педагог ),
- .работа на координативно тело или комисија за обновување на лиценците за работа на вработените,
- програма за професионален развој на вработените,
- соработка со родителите,
- соработка со другите установи и институции, воспитно-образовни и проектни активности за децата во градинка.

Исто така Јавната Детска Установа се насочува и кон работата на стручните органи и други работи за остварување на дејноста, Развоен план, Извештај за работа како показател за натамошните планови за работа.

Годишната Програма за работа со деца од предучилишна возраст е документ од јавен карактер и истиот е усогласен со современите општествени движења кај нас и со декларацијата и конвецијата за правата на децата.

Детството е социо-културно обликувано и вредно само по себеси. Тоа е период каде што децата формираат концепт за себе си како општествени суштества, како мислители и

корисници на јазик, носители на важни одлуки за сопствените способности и нивната сопствена вредност.

Промовирањето на добросостојбата кај децата, што впрочем е и генерална цел на образованието, е во насока на актуелизирање на нивниот целосен потенцијал е и наш приоритет и оваа работна година. Детската индивидуалност, нивните права и потреби се основа во работењето со децата.

**Цели на програмата**

Во севкупната активност , градинката и оваа учебна 2025/2026 година ќе поаѓа од следните глобални цели :

- Згрижување и воспитување на децата во градинката , како институација , која со своите активности , претставува продолжување и дополнување на семејното воспитување од повеќе аспекти на развојот на личноста ;
- Холистички приод во сфаќањето на природата на детето и неговиот физички и духовен развој , како физичко , сознајно и социјално суштество ;
- Поттикнување и развој на способностите за самостојно учење , работа и креирање , како подготовка на детето за училиште и негово понатамошно образование ;
- Ублажување на социјалното и културно – економските разлики помеѓу децата запишани во градинката ;
- Обезбедување услови за престој , воспитна грижа и соодветна корективна помош на деца со лесна ментална и телесна попреченост , а за талентираните деца овозможување услови за искажување и развивање на творечките способности ;
- Отвореност кон семејствата за соработка, подготвеност за градење на односи на заемна доверба, меѓусебно уважување и поддржување ;
- Соработка со локалната заедница заради осовременување на воспитно образовниот процес , богатење на детското социјално искуство, ширење на културните хоризонти ,како и создавање соодветни услови за успешно реализирање на институционалното воспитание и образование ;
- Реализација на згрижувачката и воспитно – образовната работа, која ќе поаѓа од педагошко – психолошките сознанија за развојот на детето, дефинирани врз основа на вредносните системи ,потребите на децата и општествената заедница во која живеат.

**ЗАДАЧИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

- Да се обезбедат оптимални услови за нормален физички, интелектуален, емоционален и социјален развој за децата од 9 месеци до 6 години односно до поаѓање во училиштe.
- Да се обезбедат услови за функционирање на единствен систем за воспитно – образовната работа , негата, исхраната , здравствена и социјална заштита.
- Во соработка со семејствата и пошироката околина да се подобрат условите за поквалитетен престој во детската градинка.
- Да се обезбедат услови за имплементирање на основната Програма за воспитно образовна работа.
- Да се обезбеди континуирана едукација на стручните служби.
- Да се подобрат условите во затворениот и отворениот простор во кој престојуваат играат и учат децата.
- Во согласност со можностите на Установата , да се обезбедат други форми на работа со децата ( работилници,изучување на странски јазик, физичко воспитување и рекреација, балет и др).

За планско и организирано влијание врз свкупниот развој на детето , целите и задачите се систематизирани и се содржани во плановите за работа и тоа , во :

- Годишните план за работа во објектот во кои се вклучени сите активности што се предвидуваат во текот на годината.
- План за реализација на активности со децата од јаслена возраст.
- План за реализирање на воспитно – образовната работа со децата од градинка.
- Планот за работа на Стручниот совет на Детската градинка.
- Планот за работа на Советот на воспитувачи и за стручно усовршување на воспитувачите.
- Планот за работа на Советот на негуватели и стручно усовршување на негователите.
- План за соработка со родители.
- План за соработка со основните училишта и пошироката општествена средина.
- План за јавна и културна дејност.
- Програмските содржини вклопени во рамките на Програмата и тоа :

- ‘’ Програма за ран детски развој ‘’ – базирана врз ‘’ Стандардите за рано учење и развој за деца од 0 – 6 години ‘’ – реализирана во сите воспитни групи и јасли во текот на целата година.
- ‘’ Програма за едукација на децата од предучилишна возраст во Установата за згрижување и воспитување на деца со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна ‘’ – насловен како ‘’ Градина во детските градинки ‘’ – реализирана од децата на возраст од 4 – 5 и 5 – 6 години.

- ‘’ Програма за рано учење и развој за стекнување на здрави животни навики и безбедно однесување ‘’ реализирана со децата од сите воспитни групи и јасли во во текот на целата година.
- “Програма за рано учење и развој и достигнување на стандардите за рано учење и развој преку вклучување на традиционалните игри “ –реализирана од децата на возраст од 4 – 6 години во текот на целата година.

И оваа година, нашата програма е одраз на верувањата дека:

- Сите деца, без разлика на полот, етничката и религиозна припадност, социоекономските и културолошки разлики, како и различните и посебни потреби имаат право на влез во образовниот систем.
- Сите деца може да учат. Тие заслужуваат високи очекувања во нивните достигнувања во процесот на учење а се во согласност со нивната возраст и социокултуролошки карактеристики.
- Физичката средина директно влијае на добросостојбата, учењето и развојот на детето. Таа е составен дел од нашата програма и истата се осмислува во склад со концепцијата на програмата и интересите и потребите на децата.
- Силно ја поддржуваме детската игра. Таа е природен начин на интеракција на детето со другите деца, со возрасните и опкружувањето. Играта е средиште на детската добросостојба и инструмент за учење.
- Родителите и семејствата се примарни воспитувачи на децата и имаат најважна улога во промоција на нивната добросостојба, учење и развој. Нашата соработка со нив се базира на принцип на партнерство.
- Детето го осознава светот како целина па одтаму доминантен пристап во работата е холистичкиот.
- како градинка постојано се движиме кон нашите следни чекори, учиме и растеме, континуирано се едуцираме за подобро да ги поддржиме нашите деца и нивната добросостојба.

Ние сме подготвени да ги задоволиме различните потреби за учење и развој на децата

## 2. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ И ОПРЕМЕНОСТ НА ОБЈЕКТИТЕ

Објектот се наоѓа во с.Чучер Сандево, општина Чучер Сандево со нето корисна површина на објектот од 960 $м^2$ и ограден двор од 7.000 $м^2$. Располага со капацитет за згрижување на 110 деца, кои ќе бидат опфатени во 5 групи.






Објектот располага со следните простории:

❖ **<u>Простории за деца</u>**

- Занимална-241,25 $м^2$
- Гардероби-45,75 $м^2$
- Санит.-занимални-26,20 $м^2$
- Ходник-61,60 $м^2$
- Ветробран -4,35 $м^2$
- Санит.чвор-тераса-10,40 $м^2$
- Санит.чвор-воспит.-4,30 $м^2$
- Гардероби-воспит-21,83 $м^2$
- Тераса-163,41 $м^2$
- Пацио градина-48 $м^2$
- Затворен повеќенаменски простор-45 $м^2$

❖ **<u>Заеднички простории</u>**

- Прием на деца-лоби-59,39 $м^2$
- Ветробран-9,57 $м^2$
- Повеќенаменски простор 66.97 $м^2$

❖ **<u>Административни простории</u>**

- Канцеларија за сручен кадар -8,23 $м^2$

- Канцеларија за медицинско лице со изолација на дете-8,50 $м^2$
- Канцеларија за директор-11,70 $м^2$
- Канцеларија за книговодител-благајник 9,88 $м^2$
- Санитарен чвор за вработени-8,92 $м^2$

❖ **Економско-технички простории**

- Простор за домар со работилница -9,43 $м^2$
- Магацин за храна 9,52 $м^2$
- Простор за хигиеничар со хигиенски шпајз-4.88 $м^2$
- Перална-4,88 $м^2$
- Пеглање, складирање на чиста облека 4.88 $м^2$
- Кујна со прирачен магазин 25,02 $м^2$
- Млечна кујна со сервирање на храна 9,79 $м^2$
- Ветробран на службен влез 10,38 $м^2$
- Ходник кај админ.простории-11,73 $м^2$
- Ходник кај економ.простории -10,08 $м^2$
- Котлара 4,37 $м^2$

Градинката „Мило мое„ својата дејност ја извршува во еден објект кој се наоѓа во Чучер Сандево на ул.1 бр 11а.

- Градинката располага со пет занимални од кои една е занимална за деца од јаслена возраст. Таа е опремена со хромирани креветчиња за мали деца и со дрвени креветчиња за малку поголеми деца и избор на дидактички и игровен материјал немент за деца од оваа возраст.
- 4 занимални се наменети за престој на деца од 2 до 6 годишна возраст - градинка кои располагаат со креветчиња, специјално дизајнирани за предучилишните установи и дидактичко - игровен материјал, катчиња за поттикнување на развојот на децата.Занималните во делот градинка се опремени со соодветен мебел, играчки и материјали , кои се во согласност со пропишаните нормативи. Воспитувачите и негувателките во текот на годината водат грижа околу естетското средување на просторот , особено на катчињата кои во овие занимални се различни , според бројот и намената , а во зависност од потребите на воспитната група и афинитетите на воспитувачите. Оваа година се планира да се набават игровен и друг дидактички материјал за работа со децата потребен според содржините кои ќе се реализираат. Исто така се планира сите групи да бидат опремени и дополнети со нов мебел по потреба.
- трпезарија во која се сервира оброкот на децата од сите воспитни групии децата од дневниот престој од ООУ„Александар Урдаревски;

- Повеќенаменска сала која се користи за реализирање на активности од музичко воспитание, физичко и здравствено воспитание, приредби и други заеднички манифестации за и од децата и за вработените;
- Една канцеларија за одржување состаноци
- Еден кабинет за вршење на систематски прегледи.
- Канцеларија за директор
- Канцеларија за административни работници и за стручниот кадар






## 2.1. ДВОРНИ ПОВРШИНИ

Нашата програма е обликувана во контекст на самата предучилишна установа односно врз основа на конкретната градинка во која се развива. Меѓудругото , контекстот на градинката го сочинува и организацијата на самиот простор. Просторот на директен начин ја обликува положбата на детето во програмата. Токму поради ова посебно внимание ќе посветиме на структурирање на надворешниот простор, негово постојано реконструирање, развивање, осмислување и збогатување. Наша интенција е да надворешниот простор е безбедно место за игра но и место кое нуди можности за најразлични игри и активности. Ја започнуваме педагошката годинав во убава уредена дворна површина со поставена урбана опрема во дворот на Основното Општинско Училиштето Александар Урдаревски кој е веднаш до нашиот двор ,опрема во која имаме дозвола секогаш и во секое време да ја користиме . Дворот на градинката редовно се одржува и оплеменуваат со насади и дрвца. Максимално се користи секогаш кога дозволуваат временските услови за реализација на активности со деца (игри на отворен простор, прошетки, рекреативни игри Во план е поставување на детска урбана опрема во нашиот дел од дворот како и песочарник . Се планира и поставување на бина во задниот дел на дворот бината ни е потребна за изведба на јавни настапи (завршна приредба,презентација на проекти и др) Вработените заедно со децата се грижат и за хортикултурното уредување на дворните површини.

И оваа година надворешниот простор ќе биде место за одбележување на значајни општествени настани и дружења (Недела на дете, патронен празник, Ден на пролетта, Ден на планетата Земја,
Денот на шегата ,посета на пожарникари, театарски групи ...), но и место за хортикултурно уредување (засадување на цвеќиња, најразлични садници...). Надворешниот простор ќе биде место каде децата ќе имаат можност за најразлични кинестетички и сетилни доживувања, практична манипулација, конструкција и градење, имагинација и менување на просторот во текот на играта.

## 2.2. ВНАТРЕШНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ




















Внатрешниот простор на градинката не е нешто што е даден сам по себе туку се прилагодува и интегрира во програмската концепција.

При организација на просторот во градинката настојуваме да ја поддржиме:

- соработката и позитивната меѓузависност – просторот и материјалите да овозможат различни облици на групирање и заедничко дејствување
- можност да децата се осамостојат доколку тоа го сакаат
- групирање и лесна достапност на материјали
- можност да детето прави самостоен избор на материјали
- можност да децата самостојно го реорганизираат просторот
- да е безбеден и прегледен
- постојано збгатување на просторот со неструктуриран и полуструктуриран материјал
- простор пристапен за сите деца
- простор кој ќе нуди можност за најразлични искуства и активности (текстура, мирис, звук, тон, мелодија, движење и користење на сопствено тело...)

Просторот е структуриран во најразлични просторни целини или т.н. центри за игра:

- центар за игри со конструктивен материјал
- литературен центар
- математички центар
- ликовен центар
- музички центар
- центар за игра на улоги, драматизации и куклени претстави
- манипулативен центар
- истражувачки центар
- -изложбен центар

Секој центар како просторна целина ќе се менува и надополнува со внесување на најразлични средства и материјали со цел да се прошири играта и истражувањата на децата.

Не сите занимални ќе имаат  исти центри за игра, ниту пак сите центри ќе бидат постојано активни. Колку и какви центри ќе бидат активни ќе зависи од возраста на детето, конкретниот простор во дадена градинка, интересите на децата но и од проектите и темите кои ќе се реализираат.

## 2.3 ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Во Установата се застапени следниве профили кои ја извршуваат раководната , стручната, административно – техничката и непосредната работа со деца.

**Табела Преглед на број на вреботени според профил на стручност**

| Профил на стручност | Вид на образование | Број на вработени | Работен статус |
|---|---|---|---|
| Директор | ВСС/VII1 | 1 | определено |
| Педагог | ВСС/VII1 | 1 | неопределено |
| Воспитувач-приправник | ВСС/VII1 | 2 | неопределено |
| Воспитувач | ВСС/VII1 | 1 | неопределено |
| Неговател-приправник | ССС | 4 | неопределено |
| Неговател | ССС | 1 | неопределено |
| Неговател | ССС | 1 | Определено Агенција за привремени вработувања |
| Сметководител-помлад референт | ССС | 1 | неопределено |
| Главен готвач | ССС | 1 | неопределено |
| Помошник готвач | ССС | 1 | неопределено |
| хаусмајстор | ССС | 1 | неопределено |
| хигиеничар | ССС | 2 | неопределено |
| вкупно | | 17 | 14 нопределено<br>1 мирување<br>2 определено |

Целта на Установата во однос на организационата поставеност е да ја подобри квалификацијата и структурата на сите профили кои ја извршуваат непосредната работа со деца. Самиот факт што градинката располага со стручен тим од 1 член,стручни работници: педагог .Три воспитувачи кои завршиле високо образование со звање дипломиран педагог или професор по предучилишно воспитување и лиценца за работа, девет негуватели со соодветно средно образование со лиценца за работа во градинка , претставува показател за вработување на уште едне воспитувач и неговател , унапредување на приправниците и вработување на стручни работници и соработници како и дополна на административен

персонал за да може да се реализира квалитетно воспитание и образование на големиот број запишани деца во нашата Установа.

## 2.4 Органзација на времето

**Организација на дневните активности на децата до 18месеци**

| Р. број | Активности | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Прием на децаи слободни активности | од 6 до 8:15ч |
| 2. | Подготовка за појадок и појадок | 8:15ч |
| 3. | Реализација на дневното планирање | 9:00ч |
| 4. | Ужинка | 10:00ч |
| 5. | Тоалет и подготовка за спиење | 10:20ч |
| 6. | Пасивен одмор-спиење | 10:50ч |
| 7. | Тоалет, подготовка за ручек | 12:50ч |
| 8. | Ручек | 13:10ч |
| 9. | Миење раце и тоалет | 13:40ч |
| 10. | Слободни игри и престој на воздух | 14:00ч |
| 11. | Ужина | 15:00ч |
| 12. | Реализација на дневното планирање | 15:30ч |
| 13. | Слободни игри | 16:00ч |
| 14. | Заминување на децата | До 18:00ч |

**Организација на дневните активности на децата над 18 до 24месеци**

| Р. број | Активности | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Прием на децаи слободни активности | до 8:15ч |
| 2. | Подготовка за појадок и појадок | 8:15ч |
| 3. | Реализација на дневното планирање | 9:00ч |
| 4. | Ужинка | 10:00ч |
| 5. | Слободни игри и престој на свеж воздух | 10:30ч |
| 6. | Тоалет, подготовка за ручек | 11:30ч |
| 7. | Ручек | 12:00ч |
| 8. | Пасивен одмор-спиење | 12:45ч |
| 9. | Ужинка | 14:45ч |
| 10. | Реализација на дневното планирање | 15:10ч |
| 11. | Слободни игри | 15:30ч |
| 12. | Заминување на децата | До 18:00ч |

**Организација на дневните активности на деца од 2 до 6 години**

| Целодневен престој и активности | Време | |
|---|---|---|
| Прием на децата и игри по избор на децата | Од 06:00 часот | До 08:15 часот |
| Утринска гимнастика | Од 08:15 часот | До 08:30 часот |
| Подготовки за појадок и појадок | Од 08:30 часот | До 09:00 часот |
| Реализација на дневно планирање | Од 09:00 часот | До 09:30 часот |
| Слободни активности | Од 09:30 часот | До 10:00 часот |
| Претпладневна ужина | Од 10:00 часот | До 10:30 часот |
| Слободни активности,игри, прошетки и престој на воздух | Од 10:30часот | До 11:30 часот |
| Тоалет , подготовка за ручек | Од 11:30 часот | До 12:00 часот |
| Ручек | Од 12:00часот | До 12:45часот |
| Тоалет и подготовка за спиење | Од 12:45 часот | До 14:45 часот |
| Ужина | Од 14:45 часот | До 15:10 часот |
| Реализација на дневно планирање | Од 15:10 часот | До 15:30 часот |
| Слободни игри(факултативни) | 15:30 часот | До 17: 30 часот |
| Средување на занималните, слободни игри и испраќање на децата | 17 :30 часот | До 18 :00 часот |

## 2.5 Работно воспитание

- Работното воспитание, согласност со Програмата за воспитно-образовна работа со децата од предучилишна возраст ќе се реализира секојдневно преку:
- Активирање на децата во воспитно-образовниите и животните активности воградинката;
- Поделба на обврски меѓу сите членови во групата (деца и возрасни), по пат на договор;
- Посети и контакти со соодветни лица и институции;
- Играње игри на улоги и имитативни игри ви различните центри на активностите за играње и активирање;
- Презентирање модел на идентификација (примерот на воспитувачот)преку разработување различни содржини за таа цел:приказни, драмски текстови, песни и сл;
- Работно воспитување, како примарен елементи во развој на детската личност, ќе ги преферира следните:
- Создавање потреба кај детето за активирање
- Создавање љубов и позитивен став кон влијанието на работливоста врз личноста;
- Создавање работни навики, иницијативност;
- Создавање постепна независност не детето при самопослужувањето од било кој вид;
- Развивање правилен став кон себе си и своите потреби, верба во своите можности, чувство на задоволство при завршена работа и сл;
- Овој аспект на воспитно-образовното дејствување ќе биде опфатена со задачите од годишното планирање, како и задачите и содржините за секоја тема посебно.

**2.6 Стручна литература, стручни списанија и списанија за деца**

Градинката располага со библиотечен фонд, стручна литература за деца, прирачници и методики за реализирање на воспитно – образовната работа, педагошка, психолошка, и дефектолошка литература како и книги од областа на белетристиката. Од детски списанија библиотеката располага со броеви на списанија од „ Росица“, „Смешка“ и „ „Месечко“.

Библиотеката располага и со стручна литература од Просветно дело , Топер, Едука Мак која опфаќа содржини од дидактиката, развојна психологија, музичко воспитание, ликовно воспитание и содржини од воспитно – образовната практика. Библиотечниот фонд во Установата тековно се дополнува со нови содржини за деца.

Библиотеката е сместена во ходникот на објектот , а литературата ќе биде достапна за сите оние на кои им потребна за едукација и самообразование.

Целокупната литература ќе биде достапна за сите вработени и родители кои ќе изразат желба да се едуцираат. Истата ќе се користи првенствено при реализирање на воспитно – образовната работа, но и заради негување на пишаниот збор и стекнување навики за користење на списанија и стручна литература.



# 3. УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

ЈОУДГ „МИЛО МОЕ"-Чучер Сандево, општина Чучер Сандево, организира и спроведува програми на нега и исхрана, образование, воспитание, здраствена и социјална заштита на деца од предучилишна возраст. Животот и работата во детската градинка се реализира во групи со деца до 2 годишна возраст  и групи со деца од 2 години до поаѓање во училиште . Воспитно –образовната работа се реализира на македонски  јазик .

Капацитет на ЈОУДГ  „ МИЛО МОЕ„-Чучер Сандево

| Објект | Проектиран капацитет | Сегашен капацитет | Предвиден опфат |
|---|---|---|---|
| **МИЛО МОЕ** | 110 | 110 | 110 |

Реализацијата на воспитно-образовната рабта ќе се одвива во 5 воспитно-образовни групи од кои 1 групи се со деца на возраст до 2 години и 4 групи со деца на взраст од 2-6 години:

| Објект | Групи на деца до 2г. | Групи на деца од 2-6г. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **МИЛО МОЕ** | 1 | 4 | 5 |

# 4. ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА

Здраствената заштита на децата ќе ја реализираме преку промоција на здравјето и добросостојбата на децата како состојба на физичка, психичка и социјална благосостојба. Во прилог на ова ќе ги реализираме следните стратегии:

-Здраствено-воспитна работа со деца- активностите кои ќе се реализираат ќе бидат од областа на личната и општа хигиена,здрава животна средина, правилна исхрана( извори на храна,здрава храна-боите во мојата чинија, културни манири при јадење); орална хигиена (градба и ф-ја на орална шуплина, здраво и болно запче, посета на стоматолог, миење на забите), усвојување на вештини за градење на пријателства, препознавање и именување на емоции како и соодветни вештини на изразување на истите; мојата фамилија, градење на слика за себе-јас како уникатна личност; промовирање на вештини на безбедност во домот, градинкта, на улица (безбедност при премин на улица, безбедност од пожари, леквите не се бонбони ,лични информации- име, презиме, име и презиме на родителите, воспитувачот, адреса на живеење)

Дневна контрола на здраствената состојба на децата (при прием на децата во градинка)

- Здраствено воспитување и соработка со семејството- за формирање на здрави навики кај децата од посебно значение е соработката со родителите кои се најмногу заинтереситани за здравјето и добросостојбата на детето, формирањето на здрави навики и поведението на сопственото дете.

-Програм на исхрана- организирање и спроведување на стручно планирана хигиенска исхрана, храна која ќе ги задоволува дневните потреби на детскиот организам, гастрономски прифатлива на изглед вкус и конзистенција

-Редовно следење на хигиенските услови во градинката- унапредување на личната хигиена кај децата и вработените, редовно одржување на општата хигиена на просторот, проветрување на просторот, осветлување, оддржување на оптимална температура и влажност на воздухот, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на просторот, исправно функционирање и одржување на хигиена во кујнскиот простор, хигиена и исправност на хранителни продукти, хигиенска дистрибуција на храна, оддржување на хигиена на хигиена и садовите во кујна

-Периодична контрола на растот и развојот на детето (антрополошки мерења: ТТ и ТВ )

**4.1 Исхрана на децата**

Во рамките на Националната годишна програма за Јавно Здравје на Република Северна Македонија, предвидено е следење на биолошката вредност на исхраната на децата во предучилишни установи со цел да се провери дали приготвените и консумирани оброци во целост ги задоволуваат нутритивните потреби на децата од таа возраст.

- ✓ Соработка со Агенцијата за храна и ветеринартсво
- ✓ Континуирано следење и редовен мониторинг на работата на Главната кујна и чајна кујна во спроведување на ХАСАП принципите во работа.
- ✓ Изготвување месечна листа за јадење за деца до0 – 2 години и за деца од 2-6 години
- ✓ Секојдневно следење на присутност на децата со земање бројна состојба и изготвување оброци според присутноста (бројот) на присутни деца.

**4.2 Едукација**

- ✓ Едукацијата надецата ќе се спроведува и со погоре наведените институции кои преку едукативни предавања допринесуваат за промоција на здравјето во детска возраст.
- ✓ Поттикнување и создавање на навики за здравствена заштита преку грижа за личната и колективната хигиена, користење на природните фактори и правилна исхрана;
- ✓ Развој на културно-хигиенските навики по пат на редовно користење и употреба на културни изрази и културно обраќање кон други лица, правилна употреба на тоалет; поттикнување и создавање на работни навики кај децата како и вреднување на сопствениот и туѓиот труд.

Развој на здравствено-хигиенски навики Како и работното воспитание, така и развојот на здравствено-хигиенските навики ќе биде реализирано секојдневно и ќе се движат во следниве насоки(цели):

- ✓ Осознавање на причините за потребата од стекнување здравствено- хигиенски навики;
- ✓ Откривање на содржината и суштината на здравствената грижа и хигиена воопшто;
- ✓ Откривање на начините на искористување на овие навики во полза на сопственото здравје;
- ✓ Создавање љубов и почитување кон себе и околината;

Начините на реализирање на наведените насоки ќе бидат исти како и кај работното воспитание. Покрај наведеното ќе се спроведува и следното:

- ✓ Редовно проветрување на просториите
- ✓ Редовно менување на постелнина на децата

- ✓ Разговори со родителите по однос на одржување на хигиената и здравјето
- ✓ Разработување на содржини со соодветна проблематика
- ✓ Редовно миење на рацете на децата
- ✓ Заедничко одржување на хигиената во просториите и предметите во нив.
- ✓ Следење, воведување и почитување на насоките од страна на Министерството за здравство и подрачниот санитарен инспектор Согласно со целите на превентивно-здравствена заштита, таа ќе се реализира на три нивоа:
- ✓ Конкретно преземени здравствени и хигиенски мерки;
- ✓ Воспитно-образовно дејствување врз децата заради заштита на сопственото и туѓото здравје и заштита на околината; Стручно усовршување на воспитно-образовниот и згрижувачко-воспитниот кадар за поттикнување на физичкото и психичкото здравје кај децата.

## 5. ИГРАТА КАКО ОСНОВНА АКТИВНОСТ ВО ГРАДИНКА

Играта е најзачајното искуство на секое дете. Таа е двигатор на флексибилноста која му овозможува на детето да замисли и врз снова на таа замисла да се менува себеси и сопственото опкружување.Токму во замисленото можно лежи промената на општествените можности, откритија, напредокот. Во играта детето:

- создава нов контекст за употреба на предметите, зборовите и поимите;истражува алтернативи што предметите, зборовите, поимите, може да представуваат; решава проблеми и воочува нови врски и односи, експериментира
- таа представува ново искуство каде што преку симболи како што се имитацијата, влегување во улога, цртање, правење на модели, танц, говор.. го поврзува реалното со замисленото
- во играта детето самостојно одлучува и се поврзува со другите , ги истражува своите физички можности, се идентификува со јунаците, гради и прифаќа правила, се гледа себе си како моќно и делотворно
- соработува, разменува идеи, коментари, пеговара, заедно делува со другите во /на развојот и одржувањето на играта, се усклaдува со правилата, се поврзува на креативен начин со околината

Децата умеат да иницираат игра и да играат заедно и без помош на возрасните. Но, наша задача е да ја поддржиме и култивираме истата- да поттикнеме близина и взаемност помеѓу децата, обезбедиме мотивирачка и безбедна средина преку:

- организирање на внатрешниот и надворешниот простор
- обезбедување на материјали за игра и постојана достапност на истите
- обезбедување доволно време за игра
- поттикнување на соработката и договарање кај децата
- заштита на децата од повреди во играта и помош на некои деца да се вклучат во играта

Воспитно – образовната програма односно дневните теми ќе ги реализираме преку следните игри и игровни активности:

- функционални игри – кои се состојат во често повторување на дејствија кои ангажираат одредени поведенија (фаќање на предмети со врвот на прстите, испуштање, разгледување предмети во различни бои..)
- експлоративни игри - манипулативни игри со предмети (вртење и разгледување на предметот, тропање и сл.)
- симболички игри – имитативни игри или игри на претставување (хранење на други лица, ставање на куклата да спие ..)
- драмски игри – поврзување на неколку игровни дејствија во мала приказна (за реализација на драмските игри, потребно е доопремување со куклени катчиња, подвижни куклени театри, детски медицински играчки, медицински униформи, ташнички и сл.)
- конструктивни игри – градење на кула од коцки, мост, воз, моделирање со пластелин, игри со песок и вода, игри со хартија, туткање, лепење, кинење, лепење и сл.
- игри на улоги – детето влегува во улога на мајка, учителка, доктор (за рализација на оваа игра, потребно е набавка на гиноли и мажоретки за целосно внесување на детето во игратра на улоги)
- дидактички игри – со кои се поттикнува интелектуалниот развој и социјализација на детето. Тие имаат за цел развивање на перцепција, развивање на говорот кај детето и сл. Овие игри имаат елемент на учење и може да бидат осмислени од страна на самиот воспитувач.
- традиционални игри – игри кои се интегрален дел на народната култура(заспивалки, бајалки,рими, бројалки, традиционални танци и игри...)

## 6. ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ГРАДИНКА

ЈОУДГ " МИЛО МОЕ "-Чучер Сандево, својата функција ја реализира низ следните облици на работа:

-целодневен престој за деца до 2 годишна возраст

-целодневен престој за деца од 2-6 годишна возраст

-полудневен престој во траење од 4-6 сати , за деца една или две години пред поаѓање во училиште(овие деца се опфатени во групите со целодневен престој)

Уважувајки ги карактеристиките на локалната средина, воспитно-образовната работа се реализира на македонски јазик.

Работното време на градинката е од 6 часот – 18 часот.

Ритамот на денот во установата е флексибилна рамка и се прилагодува на активностите и потребите на децата а условен е од плановите на дневните активности кои се составен дел на Годишниот план на работа. Важно е да работата се одвива континуирано, каде што една по друга се менуваат разни видови на активности и игри без остри граници и строго инсистирање на она што е планирано (прием на деца и слободни активности, утринска гимнастика, подготовка за доручек и доручек, време за групни активности, активности по катчиња, прошетка и игри во дворот, подготовка за ручек и ручек,попладневен одмор, ужина, повторување на дневни активности, средување на занимална, подготовка за заминување, заминување.

Исхраната на деца е важен сегмент на работа и се организира во матичниот објект –постои централна кујна од каде јадењето се приготвува се сервира и доставува до воспитно-образовните групи. Исхраната вклучува: доручек, ужина, ручек, ужина.

# 7. ПЛАНИРАЊЕ НА ВОСПИТНО–ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

## 7.1 ЗАДОЛЖИТЕЛНИ РАЗВОЈНИ ДОМЕНИ

1. ПРИСТАП КОН УЧЕЊЕТО
2. ЗДРАВЈЕ И МОТОРЕН РАЗВОЈ
3. СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ
4. РАЗВОЈ НА ЈАЗИКОТ ПИСМЕНОСТ И КОМУННИКАЦИЈА
5. КОГНИТИВЕН РАЗВОЈ И СТЕКНУВАЊЕ НА ОПШТИЗНАЕЊА

## 7.2 ШТО ТРЕБА ДА ПОТТИКНЕМЕ КАЈ МАЛИТЕ ДЕЦА

1.Пристап ко учење љубопитност и интерес, иницијативност, упорност и истрајност, креативност и инвентивност

2. Физичко здравје и моторен развој: физички развој, подобрување на вештини за координација,контрола,манипулација,движење.

3.Социо-емоционален развој развој на личноста усвојување знаења,вештини,навики ставови,вредности.

4.Развој на јазикот писменост и комуникација усвојување на јазикот и негово правилно користење комуникација,читање,пишување.

5.Конгнитивен развој развој на интелектуалните и менталните способности на децата: истражување,откривање,презентирање,сортирање,класифицирање меморирање,помнење,развивање на имагинацијата.

## 7.3 ВОСПИТНО-ЗГРИЖУВАЧКА РАБОТА ВО ЈАСЛЕНИТЕ ГРУПИ

Децата се развиваат многу брзо во периодот од раѓање до втората година затоа возрасните кои се вклучени во грижата и негата на малите деца треба да го поттикнат раното учење и развој преку игра и секојдневните рутински постапки.Секојдневните рутински активности даваат можност за интеракција на децата совозрасните и околината, а на тој начин го поттикнуваме нивниот развој иосознавањето на светот околу себе.

Грижата за децата од најмалата возраст во градинката се одвива во детските јасли кои згрижуваат деца од 9 месеци до 24 месеци распределени во една хетерогена јаслени група од 9 месеци до 24 месеци. Континуирано во текот на годината ќе се настојува на јаслените деца да им се обезбеди правилна нега, исхрана, пријатна едукативна средина за престој, игра и развој.

Воспитно-згрижувачката работа ќе се реализирање врз основа на Програмата за рано учене и развој на која се темели Годишната програма за работа на градинката, а ќе ја реализираат негувателите јаслената група со помош и поддршка на стручниот тим на градинката. Работата со децата од јаслена возраст опфаќа:

• Нега на децата

• Превентивно – здравствена заштита

• Воспитно влијание

• Влијание на сите аспекти на детскиот развој (здравје и моторен развој;социо-емоционален развој; пристап кон учење; комуникација и развој написменост; когнитивен развој) Во програмската година која ни следува приоритет во групите во кои се згрижени деца до 2 годишна возраст ќе биде создавање на пријатна, стимулативна средина во која детето на непосреден начин преку игра ќе се здобива со искуства и постепено со организиран систем на содржини, методи и стратегии успешно ќе се подготвуваат за осознавање и откривање на себеси и својата околина.

Воспитно-образовните активности со децата до две годишна возраст ќе сеодвиваат континуирано во текот на целиот ден, а се базирани на дневните рутини(спиење, јадење, пресоблекување) во градинка. Секоја дневна рутинска активност е можност за детето да воспостави интеракција со возрасните и околината и на тој начин да го поттикнеме раното учење и развој кај децата. Поделени во следните рутински активности:

- ❖ Ајде да јадеме
- ❖ Ајде да бидеме чисти
- ❖ Ајде да патуваме –движење на телото

- Ајде да раскажуваме приказни
- Ајде да се одмориме
- Ајде да се поздравиме

Малите деца учат нови работи на свој индивидуален начин. Во овој период децата сакаат да ги повторуваат активностите кои им се забавни и интересни. За даразвијат одредени вештини треба многу да „вежбаат„ па затоа активностите сомалите деца треба постојано да се повторуваат. Ќе се настојува дел од времето кои децата го поминуваат во градинка да го поминат на отворено на терасите кои ги имаат јаслените групи или пак во прошетки во дворот на градинката.

Развојни цели по домени за период до 2 години

**Домен: Пристап кон учењето**

- Да се поддржува интересот на детето за постојано стекнување на нови искуства;
- Да се поддржува љубопитноста и задоволството во истражувањето на нови предмети;
- Да се поддржува самостојноста во одредени активности на детето во согласност со развојните можности;
- Да се мотивира за учење на нови работи преку игра;
- Да се развива интересот кон лугето и предметите во непосредната околина;
- Да се поддржува иницијативноста и индивидуалноста во изборот на играчките и материјалите низ процесот на учење.

**Домен: Здравје и моторен развој**

- Да се оспособи детето да седи и да се движи користејќи ги предметите околу себе;
- Да се оспособува детето да ги користи рацете и нозете за промена на положбата на телото;
- Да се поттикне да ги извршува основните сложени активности: седење,станување, клекнување, одење;
- Да се оспособува за ориентирање во просторот во однос на објектите околу него;
- Да се оспособи да го менува правецот на движење со цел;
- Да се оспособи да турка и влече предмети и играчки кога оди;
- Да се оспособи да се протнува и провлекува под подвижни и неподвижни објекти;
- Да се развива способност да ги заобиколува поставените предмети.

**Домен: Социо-емоционален развој**

- Да се поттикнува детето да воспоставува емоционални врски со еден или повеќе возрасни лица и да се развива чувство на сигурност;
- Да се оспособува да го збогатува социјалното искуство од кругот на семејството кон средината која го опкружува;

- Да се поттикнува да ја развива способноста да разбере и препознае мимики, гестови, изрази на лице,боја на глас на познати возрасни;
- Да се поттикнува културно хигиенските навики;
- Да се поттикнува интересот за другите деца во групата;
- Да се поттикнува препознавање на некои манифестации на однесувањето на другите (радост,тага,лутина).

**Домен: Јазик, комуникација и развој на писменост**

- Да се поттикнува да реагира кога слуша познат глас;
- Да се поттикнува да произведува гласови, да вокализира, гуга и сл.;
- Да се поттикнува за повторување на кратки вербални пораки;
- Да се поттикнува на способности за комуникација, вербална и невербална (со возрасните, меѓу самите деца, во симболичка игра);
- Да се развиваат способности за зборување преку составување на реченици од 2-3 збора;
- Да се поттикнува за поврзување на зборовите со одредени предмети и личности;
- Да се развива способност за објаснување на дадена слика со користење на 3-4 зборови.

**Домен: Когнитивен развој**

- Да се поттикнува детето на користење на сетилата при запознавање и откривање на непосредната средина, предметите, алатките, играчките и основите на по забележителните појави ;
- Да се поттикнува интерес и воочување на едноставни активности со причинско-последични врски;
- Да се поттикне интерес за користење на едноставни алатки во извршување на одредени активности;
- Да се поттикнува интересот за откривање;
- Да се поттикне и поддржува потребата за осамостојување при учество во едноставни активности.

## 7.4 . ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНА РАБОТА ВО ГРУПИ ГРАДИНКА

Воспитно – образовната работа со децата од две до шест години се заснова на Програмата за рано учење и развој и Стандардите за рано учење и развој.

Програмата се базира врз меѓусебната поврзаност на различните развојни домени кај децата (физичкиот, социо - емоционален развој, развој на јазикот и когнитивните капацитети како и пристапот кон учењето) во една холистичка целина, препознавајќи го детето и неговата интеракција со социјалната средина.

Планирање и реализирање на воспитно образовната програма со децата од две до шест години е задача на воспитувачот кој заедно со стручниот тим ги планираат актвностите. Воспитно - образовните активности со децата ќе се релизираат со интегрирање на содржините од различните развојни домени.

Програмата овозможува воспитувачот самостојно да ги избира активностите согласно развојните и индивидуалните потенцијали на децата во воспитната група која ја води.

Играта претставува основно средство, метод форма за учење и развој. Децата можат да учат низ меѓусебната комуникација, да екпериментираат, самостојно да истражуваат да учат низ игра, да ја развиват својата фантазија и креативност, да ги изразуваат своите чувства преку музика, цртање, движење. Воспитувачот во текот на целата програмска година врши опсервирање и проценка на достигнувањата и напредокот на детето и врз основа на тоа ги прилагодува активностите и стратегиите за учење. Проценката е сложен процес за кој воспитувачот го одредува потребното време, собира информации, ги евалуира и ги документира во досието на детето.

Воспитувачот го организира и оплеменува просторот според интересот на децата со цел да ја поттикне нивната љубопитност, да истражуваат, откриваат, учат и да се развиваат во различните развојни домени. Во просторијата каде што се реализираат воспитно образовните активности со децата просторот е организиран во центри за учење кои претставуваат посебни делови од занималната во кои играчките и дидактичкиот материјал се тематски структурирани и кои на децата им овозможува да работат во помали групи и при тоа да се реализираат индивидуалните и групните цели за учење.

Основни центри кои ги има во секоја просторија за учење во градинката се:

- литературен центар;
- математички центар;
- центар за игри со конструктивен материјал;
- научен/истражувачки центар;
- уметнички центар;
- центар за игри со улоги, драматизација, куклени претстави;
- центар за изложување на детските творби (во висина на детските очи).

Секој центар за учење има за цел да им помогне на децата да бидат самостојни, љубопитни и активно да се вклучуваат во процесот на стекнување на знаења и вештини. Децата најдобро учат кога се директни учесници во активностите за кои пројавиле интерес и се поттикнати од самите нив. Знаењата стекнати преку сопствено истражување на околината се применливи, трајни и значајни за детскиот развој.Реализацијата на воспитно - образовната работа во воспитни групи од 2 – 6 години ќе овозможи остварување на воспитно-образовни цели и задачи преку разновидни форми, методи, содржини и

активности, кои ќе придонесат за поттикнување на интелектуалниот, физичкиот и социо-емоционалниот развој на децата.

Развојни цели по домени за период од 2 до 6 годинии

**Домен: Пристап кон учењето**

- Да се развива сопствен пристап и стил кон учењето;
- Да се поттикнува интересот за користење на различни форми и извори наинформации;
- Да се развиваат способности за самостојно користење на внатрешната мотивација за изведување на посложени задачи;
- Да се поттикнува кон селективно избирање активности од повеќето кои што му се нудат, согласно со личните интереси и начините на разбирање и прифаќање;
- Да се развива способност за започнување на одредена активност и истрајност во реализацијата до нејзиното завршување;
- Да се охрабрува за изразување на креативноста низ процесот на учење и развој;
- Да се развива способност за користење на искуствата базирани на претходните знаења, во градењето на личен пристап кон учењето.

**Домен: Здравје и моторен развој**

- Да се развиваат моторичките вештини;
- Да се развива способноста за координација на телото и одржување на рамнотежата;
- Да се развива свесноста за сопственото тело, запознавање и почитување на различностите;
- Да се развива фината моторика и манипулативните вештини (контрола на дланките и прстите);
- Да се оспособат децата за користење на сетилните органи за координација на движењето;
- Да се усоврши функцијата на перцептивните органи;
- Да се формираат културно-хигиенски навики;
- Да се оспособи за примена на здрави и безбедни практики;
- Да се оспособи за разбирање на важноста на одржувањето на сопственото здравје и благосостојба;
- Да се негува физичкото и менталното здравје на детето;
- Да ги запознаваат своите способности и можности за движења;
- Да се воведуваат во елементарните сознанија за одредени спортови.

**Домен: Социо-емоционален развој**

**Социјален развој**

- Да се развива способност за адаптација на нова средина, интерперсонални односи икомуникациски вештини;
- Да ги разбира и почитува различностите кај децата и возрасните;
- Да се развива социјалната перцепција;
- Да развива свест, за припадност кон групата и семејството;
- Да ја негува и развива социјалната интелигенција;
- Да се поттикнува да усвојува норми и обичаи во различни средини и ситуации;
- Да се воведува и запознава со универзалните човекови вредности и етички принципи;
- Да се развива националната, етничка и културната припадност на својот народ;
- Да се развива свест за мултикултурализам;
- Да се развива свеста за инклузивност;
- Да го негува и развива чувството на љубов и почит кон својата татковина.

**Емоционален развој**

- Да се поддржува детето во развивање на емоционалната интелегенција;
- Да ги препознава сопствените чувства и соодветно да реагира;
- Да се поттикнува да развива свест за сопствените чувства, да развива чувство на сигурност, доверба и прифатеност во околината;
- Да гради позитивен однос кон себе;
- Да се поддржува да го збогатува својот емоционален живот;
- Да се поддржува да ги негува позитивните емоции;
- Да се сензибилизира за чувствата на другите;
- Да се оспособува да го контролира изразувањето на емоциите;
- Да се поттикнува да учествува во разрешување на животни проблемски ситуации;
- Да се поттикнува да гради сопствени начини на изразување на чувствата, прифатливи и препознатливи за другите;
- Да се поттикнува да гради реална слика за себе.

**Домен: Јазик, комуникација и развој на писменост**

- Да се развива способноста за слушање и разбирање на говорниот јазик;
- Да се развива способноста за правилно зборување и елоквенција;
- Да се развиваат јазичните способности како основа за развој на сопственият, националниот и културниот идентитет;
- Да се развива способноста за слушање, разбирање и доживување на јазикот;

- Да се развива способноста за комуникациски вештини;
- Да се развива способноста за смислено и граматички правилно изразување на своите мисли;
- Да се негува љубовта и позитивениот однос кон сликовниците;
- Да се поттикнува и развива интересот кон читање на книги;
- Да се поттикнува и развива интересот за писмено изразување;
- Да се воведува и запознава со основите на пишаниот јазик;
- Да се поттикнува творештвото;
- Да се развива чувство за постоење на културна и јазична различност.

**Домен: Когнитивен развој**

- Да се развиваат способности за размислување;
- Да се развиваат способности за стекнување и користење нови информации;
- Да се развиваат способности за активно решавање на проблеми согласно со развојните ииндивидуалните карактеристики;
- Да се развиваат способности за критичко размислување;
- Да се формираат работни навики;
- Да се развива самостојноста, вниманието и истрајноста;
- Да се оспособуваат за користење на процесот на деперцептуализацијата во учењето и разбирањето;
- Да се оспособувааат за користење на новите поими и претстави и нивно поврзување во систем назнаења;
- Да се збогатува искуството како основа за стекнување нови знаења, вештини,навики и умеења;
- Да се поттикнува и развива логичното размислување развивање на способност за воочување на просторно временски односи;
- Да се развива на способноста за помнење/стихотворби, приказни, песни, мелодии, ликовни техники.../
- Да се развива способноста за квалификација и серијација;
- Воочување на причинско последични врски;
- Да се развива на способност за анализа и синтеза;
- Да се развива на способност за апстракција и генерализација;
- Да се развива способност за творење и откривање на нови релации и односи меѓу појавите и предметите.

## 7.5 Креирање стимулативна средина за играње и учење

Образованието во 21 век пред себе има поставено многу поинакви задачи од традиционалниот модел на образование и воспитание.

Многу е важно воспитниот тим да создаде средина и атмосфера во занималната каде што децата ќе се чувствуваат слободни да го изразат сопственото мислење, да веруваат во себе, во своите другарчиња, да соработуваат, да ги почитуваат останатите и да бидат успешни.

Воспитувачите треба да ја познаваат, разбираат и прифаќаат теоријата како децата до шест годишна возраст учат низ игра. Кога воспитувачите ја прифаќаат и разбираат теоријата за детскиот развој тогаш тие знаат дека децата имаат потреба на прилагодување на средината – околината за игра и учење, а со тоа всушност тие прават успешна стратегија за подобрување на индивидуалниот равој на секое дете.

Во занималните во Установата, воспитно-образовната работа од областите на социо-емоционалниот развој, моторичкиот развој, физичко воспитание, здравствено воспитание, интелектуален развој, комуникација и творештво, се реализираат во центри за активност. Центрите за активност претставуваат структуиран простор кој на децата им овозможува да играат и учат на различен начин. Играта во центрите за активност претставува таков вид на „учење" кој им овозможува на децата да ги изразат своите идеи, мисли и ставови, а на воспитниот тим да ја исполни својата суштинска улога која се состои во давање помош и координација на играта. Овој начин на игра им овозможува на децата постојано стекнување на комуникациски вештини надминувајќи ги притоа конфликтните ситуации кои се случуваат како последица на различните размислувања или интереси. Бројот на центрите за активност/ игра е променлив. Истиот варира и се прилагодува на потребите на Програмата, интересите на децата како и воспитно-образовните цели кои се поставени за реализација.

### Литературен центар за игра и учење

Литературниот центар содржи сликовници, книги, списанија, разновидна детска литература и во него се планираат активности за слушање, читање и разгледување. Овој простор е тивок и во него децата можат да го разгледуваат сето она што им го привлекува вниманието. Литературното катче во поголемиот дел на занималните е збогатено со перничиња, фотељи или клупи обложени со мек материјал за да децата се чувствуваат пријатно додека престојуваат во него.

### Манипулативен центар за учење

Активностите во овој центар им помагаат на децата да ги развијат своите интелектуални способности, малите мускули и координација на окото со раката.Овој простор содржи игри кој што ќе им помогнат на децата да научат да спојуваат сродни предмети, да бројат, да вметнуваат, да класифицираат како и да вежбат примена на математичка терминологија.

Кога децата ги делат и ги менуваат дрвените форми, кога ги споделуваат и решаваат проблемите тогаш децата ги развиваат и своите социјални вештини. И оваа година како и претходните, овие центри ќе ги збогатиме со тридимензионални форми (коцки, квадари, конуси, пирамиди, цилиндри во разни големини) со кои што децата ќе можат да прават измислени или реални структури како што се згради, градови, мостови, фарми и зоолошки градини. Често пати овој центар како простор се дополнува со разни мали или поголеми играчки како што се превозни средства, домашни или диви животни или разни други работи што децата можат да ги замислат и придонесуваат да ги развијат нивните способности.

**Уметнички центар за игри и учење**

Овој простор го поттикнува креативното размислување и изразување, во него се развиваат способностите за ликовно изразување, разрешување проблеми, комуницирање (вербално и невербално), самопочитување, се развиваат ситните и крупните мускулни движења и интелектуалните способности. Овој центар секогаш е активен дел од занималната зошто истиот ги поттикнува децата да ја развиваат и истражуваат сопствената креативност, да се забавуваат со нови материјали и да доживуваат нови сетилни искуства. И оваа година центрите ќе бидат збогатени со нови потрошни, природни материјали кои лесно можат да се најдат во непосредната околина. Уметничките центри содржат и дополнителни упатства за користење на различни средства и материјали при изработка на цртежи, слики, колажи и други изработки преку кои децата можат да ја изразат својата креативна моќ и фантазија.

**Семејно-драмски центар за игра и учење**

Семејно-драмското катче е задолжително за децата од предучилишна возраст. Воспитниот тим ги планира, дополнува и менува реквизитите што ги користат децата во овој простор. Една недела можат да бидат поставени реквизити кои ќе опфаќаат активности за миење, друга недела реквизити за фризирање, понатаму реквизити за негување на домашни животни, а веќе следната недела други реквизити зависно од интересот на децата. Во состав на ова катче можат да се поставаат и реквизити за готвење.Рановидните реквизити за готвење се особено интересни и забавни за децата и овозможуваат децата да учат нови концепти, да пробаат нова храна, да ја јадат храната која сами ја приготвиле. Во семејно-драмското катче треба да има облека и реквизити со кои што децата ќе можат да играат различни улоги, да го одглумат она што го гледаат во секојдневниот живот, што ќе им помогне да го разберат светот околу нив.

**Научно-истражувачки центар за игра и учење**

Во овој центар можат да се откријат работи за кои децата претходно воопшто не размислувале. Научно-истражувачкиот центар е место каде децата ќе ги изведуваат своите експерименти и истражувања, место каде што децата тргнуваат во научно истражување. Децата можат да истражуваат за се она што ги опкружува, но доста често се мотивирани да истражуваат за теми кои се атрактивни и несекојдневни за нив, на пр. „Ние во светот на

музиката“, „Вселената што е тоа“, „Што е филмска лента“, „Како расте цвеќето“, „Сонцето изгрева и заоѓа“ и многу други непознати области за децата. Активностите испланирани за научно-истражувачкиот центар често се изведуваат и надвор од занималната кога децата се упатуваат на истражување и набљудување во непосредната околина.

**Компјутерски центри**

Работењето на компјутер е предизвик за децата, а исто така и големо задоволство кога ќе успеат да совладаат некој проблем. Задоволството е уште поголемо кога својот успех ќе можат да го споделат со другарчињата и со возрасните.Компјутерите претставуваат средство за работа и извор на информации како за воспитниот тим така и за децата. Учејќи на овој начин, децата ги развиваат своите сетила, а воедно развиваат широк опсег на знаења и вештини. Со помош на компјутерите децата можат да ги развиваат јазичните и математичките вештини, да ги разберат причинско - последничните односи, да решаваат проблеми и креативно да се изразуваат. Совладувајќи ги компјутерските вештини децата можат да ја зголемат самодовребата. Секако ќе се внимава работата на компјутерите во никој случај да не одзема многу време од секојдневието на детето во градинката, ниту ќе го намали времето предвидено за задолжителните програмски активности, туку напротив неговата употреба ќе биде строго организирана и контролирана.

## 7.5. ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ

Тематското планирање овозможува флексибилност во просторната и часовната организација за време на престојот на детето во градинка, работа во група, како и вклучување на семејството во воспитно-образовните активности. Широкиот спектар од понудени теми и содржини во тематското планирање нуди можност да се задоволат специфичните интереси на децата од различните воспитни групи и претставува предизвик за воспитувачите да ја покажат својата креативност и инвентивност. При изборот на содржините воспитувачот се раководи од интересите, можностите и потребите на децата од групата која ја води настојувајќи притоа да користи различни форми, методи и стратегии за да интегрира што повеќе различни домени на развој на децата.

Тематското планирање овозможува:

- Креирање на позитивна работна клима;
- Поголема ангажираност на децата во процесот на учење;
- Можност за изразување на индивидуалните способности;
- Создавање на стимулативна и креативна средина за учење и престој;
- Висок степен на интеракција;
- Примена на различни методи на работа;
- Користење на повеќе различни извори на знаења;
- Тимска работа во планирање и реализирање;
- Можност до израз да дојде креативноста на воспитувачот;

- Унапредување на соработката со родителите и изнаоѓање на нови форми и облици на соработка.

Изработката на планови за работа е динамичен процес кој се одвива преку:организација, планирање, документација и рефлексија. При планирање на воспитно-образовната работа се потпираме на Програмата за ран развој и учење чија примарна цел е добросостојба на децата. Нашата програма го поддржува холистичкиот пристап во развојот и учењето кој се потпира на пет домени на развој. Во секој од домените е опишано што децата ќе доживеат и научат преку контекстуализирани активности вткаени во тематски единици за учење. Секоја единица е внимателно дизајнирана околу една централна тема холистички поврзувајки ги сите домени со релевантни и ангажирачки активности кои може да се прилагодат и прошират за да ги задоволат индивидуалните потреби.

**Доменот Социо-емоционален развој се фокусира на :**

- градење на позитивна слика за себе
- самодоверба и компетентност во интеракција со околината и врсниците
- способност за разбирање на сопствени емоции
- контрола на сопствените чуства
- позитивна емоционална состојба
- респект и одговорност кон сличностите и различностите во заедницата

**Домен Здравје и моторен развој се фокусира на :**

- контрола на рамнотежа и координација на деловите на телото при одење, трчање, скокање качување, вештини со дланки и прсти
- координација око-рака
- безбедни практики

**Јазик, комуникација и развој на писменост:**

- способност на слушање и разбирање на говорниот јазик
- правилно зборување и елквенција
- комуникациски вештини
- интерес за книги
- развој на способност за писмено изразување

**Пристап кон учењето се фокусира на:**

- поттикнување на љубопитноста, интересот, иницијативноста, упорноста, креативноста и инвентивноста
- Когнитивен развој и стекнување на општи знаења се фокусира на:
- логика и размислување ( да истражува и открива новини)

- математика и броеви (развој на интерес за количина, бројки и броење, класификација и серијација
- уметност (разликување на звуци и гласови, учество во музички активности и разни форми на визуелна креативност)
- наука: својства и карактеристики за живиот свет, карактеристики на неживата природа, сознание за човекот како живо и општествено суштество)

Курикулумот за работа со деца од 2-6 години ќе ги интегрира следните теми:

- **1.Мојата градинка**
  - Јас сум посебна личност
  - Посебно и заедно во нашиот втор дом
  - И дома сум посебна личност
  - Нашите улици не поврзуваат
- **2.Мојата татковина**
  - Мојата татковина е дом за сите деца од светот
  - Другарчиња, убава е мојата татковина
  - Уживаме во благодетите на нашата татковина
- **3. Есента во шарени бои**
  - Како да се однесувам со промените
  - Какао да бидам одговорен
  - Што можам да сторам за птиците во мојот град
  - Што е питома питомина
  - Што е дива дивина
  - Ги сакам животните ги сакам луѓето
- **4. Снежна Зима**
  - Добро ни дојдовте Дедо Мраз и Нова година
  - Времето оди, не стои
  - Заедно поврзани го минуваме времето
  - Зима, зима па што дека
  - Зимата е здравје
  - Топло катче во домот за моите миленици
- **5. Чудесен свет**
  - Колку го познавам моето тело
  - Мојата приватност
  - Моите емоци
  - Чудесна нежива природа
  - Животен циклус – жива и нежива природа
  - Моето семејство
  -

**6 Пролет**

- Сончево семејство
- Земјата е наша мајка
- Патуваме околу светот, убава е
- Земјата (видови сообраќај)
- Добредојде пролет мила
- Мојата прва сликовница
- Работиме за подобар живот

**7. Заедно го движиме светот**

- Заедно низ нашето богато минато
- Не поврзуваат стари и добри вкусови
- Да ја следиме природата да бидеме човечни
- Книгата е нашето богатство
- Природата не кани, да вежбаме
- дружни збрани
- Моето идно училиште

8. **Лето**

- Промени во природата во лето
- Овошја и зеленчук во лето
- Инсектите во лето
- Птиците во лето
- Каде на одмор?

Застапеноста и видот на конкретните задачи и подрачја на развојот се планираатпосебно во секоја воспитна група во зависност од потребите и интересите на децата.Изборот на темите, определување на развојните задачи по домени , изнаоѓање на стандардите за реализација на дневниот оперативен план, вклучување на децата во активностите , индивидуализација и начините и формите на соработка со пошироката социо – културна средина се одбираат од непосредните искуства на децата ,околината, промените во природата и актуелните теми со кои имаат за цел да ги прошират познавањата на децата.

Основни тематски целини кои се планираат за реализација во текот на учебната 2025/2026 година се :

- Наведените тематски целини се реализираат низ планирани и разработени теми, содржини, активности кои ќе бидат дел од активностите на Активот на воспитувачи. Планирањата ќе ја следат возраста на децата , различното нивона развој , индивидуализираната работа со деца, актуелностите во околината, соработката со

родителите и средината. По соработката на секоја тема воспитувачите ќе прават еваулација на реализираните воспитно – образовни активности при што ќе се согледуваат проблемите вореализацијата и ќе се даваат сугестии за понатамошната работа.

- Воспитувањето и образованието на децата од 2 до 6 години е продолжение на домашното воспитување и како такво е отворено за соработка со родителите.Соработката со родителите ќе се реализира преку дополнителни активности во групата и ќе се изнаоѓаат решенија за поуспешно имплементирање на зацртаните Програми.
- Слободните активности како форма на непосредно воспитно влијание, насочување и следње на детскиот развој ќе се организираат секојдневно , овозможувајќи му на секое дете слободно да игра , да се изразува како индивидуа , да твори и фантазира, да игра и соработува со другите деца , да ги проверува, потврдува и изградува своите способности и можности и сл. Истите ќе се реализираат во утринските часови , пред и по организираните активности , пред ручекот , по попладневниот одмор и тоа во центрите за активности сместени во занималните, во дворот и на други места во и надвор од објектот ( по избор на воспитувач и децата).

За реализација на активностите со децата во попладневните часови изготвени се посебни планови кои ќе бидат реализирани од страна на негувателките со децата кои остануваат подолго во градинката.

Во тематските планирања ќе бидат имплементирани и содржините од минатогодишните проекти , и активностите за деца од колегијалната поддршка (сликовници за секој поделени по месеци и недели).

Во темите за работа се имплементирани и проектите од МСДМ :

- **Рециклирање со имагинација**

- Цел на проектот
  - Да им понуди на децата добри животни навики
  - Лична одговорност за заштита на животната средина
  - Правилно рециклирање на отпад
  - Да се на мали обемот на мешан отпад

- **Моја хигиена – моја навика**

- Цел на проектот
  - Градење на чуство за одговорност и грижа за самиот себе стварање на добри хигиенски навики , одржување на потребното ниво на лична хигиена ,
  - спроведување на мерките  и активности, за добивање на навики и потребното ниво на хигиена,

- препознавање на матријалите за одржување на лична хигиена,
- развивање на способност за поставување прашање со цел да се добие одговор за непознатото
- поттикнување и развивање на мисловниот процес
- одржување на личната хигиена
- подржување на интерес кај децата за стекнуваење на ови знаења
- развивање на способност за искажување и опишување на личните доживувања
- поттикнување на љубопитност , трпеливост истрајност

- **Семејство**

- Цел на проектот
- Развивање на свест кај децата од предучилишна возраст за важноста на семејството во градење на почит и љубов кон семејните вредности

- **Градот низ детските очи**

- Цел на проектот е развивање на љубов, интерес, чувство на патриотизам почитување грижа и одговорност кон сопствената татковина, народ, родно место и местото на живеење целта на проектот е во согласност со принципот на мултикултурализам од програмата за рано учење и развој.

- **Бон – Тон во градинка**

- Цел на проектот
- Едукација на деца од предучилишна возраст со за значење на убавото и пристојното однесување што же им овозможи полесно прифаќање во општеството и подобар живот
- Здрава храна
- Градина во детските градинки

- **Работилници за различност и мултикултурализам**

- Цел на проектот
- да се развие самодовербата и сигурноста во себе
- прифаќање на различностите и сличностите по било која основа
- препознавање на постапките кои ги повредуваат другите, и да ги разберат последиците од таквите постапки.
- да научат како да реагираат при манифестација на стереотипи, предрасуди, дискриминација насочена кон себе или другите

- **Спорт и спортски активности**

- Целта на проектот
- Воведување во разни спортови и запознавање со некои спортски реквизити
- Доближување на децата од раната возраст до спортот како здрав начин на живот

- Развивање и усовршување на фаќање фрлање тркалање трчање скокање качување симнување провлекување.
- Зачувување подобрување и усовршување на здравјето на детето јакнење на организмот
- Подобрување на способноста за ориентирање во просторот
- Оспособување за само контрола на движењата
- Влијание на развој и усовршување на основните природни движења
- Оспособување движењата да ги започнува завршува заедно со другите кординирано
- Влијание и развој на физичките процеси
- Влијание на развој на позитивни емоции

- **Традиционални игри**.

- целата на проектот
  - е да се  ткаат во современите текови и кај децата да се развие креативен дух и можност да се запознаат нешто ново и  поврзано со  детството на нивните родители.

Програмата дава можност за екстракурикуларни активности, можност детето да се вклучи во акциони проекти каде ќе биде носител на промените во воспитно-образовниот процес. Станува збор за следните проекти

- **„Волшебниот свет на инсектите„**

Инсектите  се најбројни група  животни на земјата .Тие имаат три дела на телото (глава, граден кош, и стомак), шест нозе и често имаат крилја. Живеат насекаде  во земјата, водата, воздухот и растенијата. Некои од нив се корисни за луѓето, како пчелите и бумбарите , а други можат да бидат штетни, како комарците. Инсектите играат важна улога во природата- опрашуваат цвеќиња, опрашувањето на растенија, што е неопходно  за создавање плодови и семиња  . Некои инсекти , како мравките и бумбарите , се природни чистачи раградуваат органски остатоци и контролираат бројот на други штетни инсекти. Исто така , инсектите се важен извор на храна за многу птици , жаби  и други животни.  Без инсекти, природниот екосистем би бил нарушен и многу растенија и животни не би можеле да преживеат.

Цели на проектот

Да се запознаат децата со неколку основни видови инсекти( пчела, пеперутка, мравка, бубачка, скакулец и др.
Да се развијат љубопитност и почит кон природата.
Да се поттикнат фини моторочки вештини и креативност.

**Главна цел на проектот**

Да се поттикне интересот љубопитноста, набљудувачките способности и еколошката свест кај децата преку истражување , набљудување и креативни игри поврзана во светот на инсектите со што ќе се равијат нивните еколошки сознанија, когнитивни вештини и позитивен однос кон природата.

- **Куклите на Шила-од срам до љубов**

Книгата „Шила„ е топла приказна за патот до среќата на едно срамежливо девојче. Шила ги изразува своите емоции преку изработка на кукли , ги прави од ткаенини со машина за шиење .Преку својата кукла таа претставува некоја од своите емоции, убави но не и толку пријатни.Така настануваат куклите со име срам, храброст,радост, болка, надеж но и љубов.

Цел на проектот : Да се реактуелизира чудесниот подзаборавен свет на рачната работа и изработка на кукли преку ликот на „Шила„ напишан, нацртан и сошиен како поддршка за истрајност, трпеливоста и самодовербата кај децата.

При работа со деца од јаслена возраст, играта ќе има централно место во работата со децата како водечка активност низ која децата растат, учат и се развиваат. Поаѓајќи од вака поставените цели, оваа година со јаслените групи ќе ги реализираме следните активности:

-Сокривање и откривање на лицето

-Взаемна имитација на детето и возрасниот

-Традиционални игри

-Игри на фрлање и фаќање

-Игри на покажување

-Криенки

-Едноставни налози

-Имитативни игри

-Активности на осознавање на себе си

-Свесно испуштање и фрлање на играчка

-Давање на играчка на барање

-Игри од типот како се сака

Од 18 – 24 месеци покрај горенаведените игри, ќе се применуваат и следните активности:

-Заеднички практични активности на детето и возрасниот

-Запознавање со делови на телото

-Игри пред огледало

-Игри на соработка

-Игри на улоги

## 7.6 СЛИКОВНИЦИ

Во текот на воспитно-образовната 2025/2026 година во корелација со предвидените воспитнообразовни теми ќе се применуцаат и сликовницит од програмата „Размислувај еднаво„ во предучилишното воспитание и образование подржано од УНИЦЕФ

1. Недела - Јас и само јас- септември
2. Недела - Има ли некој како мене?- октомври
3. Недела - Неверојатната Дејзи- ноември
4. Недела - Здрави умови – А- ноември
5. Недела - Песна за боите- декември
6. Недела - Како се чуствуваме- февруари
7. Недела - Бранот Бранко- март
8. Недела - Здрави умови - Б- април
9. Недела - Јас имам план- декември
10. Недела – Ѕидот- мај
11. Недела - Приказна за малото цвекло- април
12. Недела - Лара жолтата бубамара- мај
13. Недела - Мојот глас- јули/август
14. Недела - Здрави умови – В- мај
15. Недела - Мокасините на Кичи- ноември/јануари
16. Недела - Раце што помагаат- септември
17. Недела - Одличната идеја на Диего- декември
18. Недела - Глава, срце и раце- дептември
19. Недела - Здрави умови- Г- јуни
20. Недела - Каква корист од осите?- јуни
21. Недела – Дом- октомври
22. Недела - Време за врева- јули/август
23. Недела - Ја сакам мојата планета- април
24. Недела - Змејот Анжали- јуни
25. Недела - Здрави умови – Д- јули

26. Недела - Насмевката на Сизве- февруари
27. Недела - Мојата посебна коса- февруари
28. Недела - Мајка ми толку многу ме сака, татко ми толку многу ме сака- март
29. Недела - Здрави умови – Ѓ- август
30. Недела - Лалела книги, грижливи животни- јуни

## 8. ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Тековните трендови во образованието на децата со посебни потреби е вклучување на истите во редовниот воспитно-образовен систем.

Потребите на децата од предучилишна возраст се индивидуални посебно во контекст на психомоторниот, јазичниот и личниот развој. Значително несофпаѓање е евидентно кај децата со посебни потреби. Наша цел е да обезбедиме еднаков пристап и можности за децата со посебни образовни потреби. Многу е битна изложеноста и пристапот на овие деца со врсници посебно од аспект на социјално и јазично моделирање и интеракција. Тоа е можност да децата учат заедно со врсниците и тоа на начин што одговара на нивните вештини и потреби и во безбедна средина каде ќе се зглеми нивната самодоверба и доверба. Во рамките на предучилишното овие деца се охрабруваат со задачи соодветни на нивната возраст и фази на развој . Многу е битно да се одредат нивните посебни потреби и да се планира подршката. Едукацијата на овие деца се одвива преку:

- едукативна програма (Програма за рано учење и развој кај деца со пречки во развојот, МТСП) чиј предмет е воспитание и образование на деца со пречки во развојот , а се базира на програмата за редовно предучилишно образование, но е модифицирана на можностите и потребите на децата со пречки во развјот
- програма за редукација која се спроведува за спречување, намалување или отстранување на попреченоста која го ограничува севкупниот развој на личноста.Тоа е систем на постапки и специјални методи со кој се влијае на развојот на личноста. Во тек на работата со овие деца се применуваат методи на едукација и реедукација кои беа насочени кон контрола на движење, глобална психомоторика, развој на експресивност на говорот и комуникација со други. Во таа насока ќе се применуваат:
- активности за доживување на телесна целовитост ( телесна шема – покажување и именување на делови на тело во однос на себе и пред огледало; отповикување на и кажување на сопственото име; идентификување, препознавање, именување на лични работи, грижа за личните работи ...)

- активности на интеракциски размени: заедничко градење на кула, нижење на перли, цртање и боење на едноставни цртежи, експлоративни , симболички , игри на улоги...)
- активности за визуелен тренинг : координација око-рака, визуелно помнење, визуелна топологија, визуелни распореди со цел да се прикаже секој дел на активноста односно временскиот след на активности
- активности за развој на аудитивна перцепција: разликување на шумови, тонови, игри на слушање, артикулација, дискриминација, поврзан говор
- активности за развој на манипулативни способности
- активности за развој на тактилна перцепција ( текстура, рељеф, облици)

Станува збор за влијание на психомоторната структура кај овие деца со што ќе се зголеми можноста за нивен психомоторен развој.

- При работата со овие деца настојуваме:-да воспоставиме позитивен, добронамерен однос, да го пофалиме трудот кој го вложува и да му поставиме задачи во работата со цел да има појасна слика што треба да работи
- да ги вклучиме во работата со сите деца, да поттикнеме позитивна интеракција
- да се прилагодат програмските содржини, дидактичко – методските постапки и средствата за работа согласно нивните можности
- време за работа, за вежбање и повторување на битни делови на содржината со честа проверка на нивното разбирање
- понуда на содржини кои се едноставни, нагледни и без многу детали, поврзување на содржините со секојдневните животни ситуации
- можност за чести станувања и движења
- визуелно-когнитивна поддршка во структурирање на просторот, времето и социјалните односи

Искуството од работата со овие деца укажува на тоа дека е потребно повеќе време да се социјализираат, повеќе време за осамостојување во одредени активности, кратко го задржуваат вниманието при што се потребни многу повторувања, потребна им е визуелна топологија за снаоѓање во простор.Многу е битно да првично се смири таа општа возбуденост и иритација, да се воспостават контакти со детето, да се поттикнат чуствата на пријатност, да почне да реагира на надворешни дразби и да ги репрезентира и симболизира настаните.Во следењето на детските постигнувања се води позитивна евиденција, се евидентира што детето може да постигне, во што напредува а не та што потешко го прави или не го постигнува.

## 9. ПРОГРАМА ЗА ЈАВНИ И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИ

Отвореноста на ЈОУДГ ‘’ МИЛО МОЕ ‘’ – Чучер Сандево за соработка и постојана интеракција помеѓу детето и средината што го опкружува претставува значаен услов за поттикнување на развојот и созревањето на личноста на детето. Јавната и културна дејност има за цел да придонесе за што поцелосно реализирањена програмските задачи, за подобрување на воспитно – образовните резултати , како и за развивање и богатење на општествениот и културниот живот во Установата и во пошироката средина.Во тој поглед, јавната и културната дејност ќе се реализира низ следниве форми :

- Одбележување на сите поважни датуми и празници со активности од типот на прослави и наменски приредби и манифестации , како што се : одбележување на Детската недела, учество на ликовни конкурси , детски фестивали и други манифестации, снимање на радио и ТВ емисии и друго .
- Оваа година ќе имаме соработки со одредени вониституционални организации со цел интерактивни, музичко - драмски претстави за децата од нашата институција. Исто така, детската градинка и оваа година ќе земе учество на сите приредби, манифестации , програми и проекти организирани од страна на општина Чучер Сандево и други институции и здруженија со кои континуирано соработува и гради партнерски односи.

Планираните активности во рамките на јавната и културната дејност ќе се реализираат на ниво на група, работна единица и на ниво на градинка.

Оваа година ги планираме следните  активности:

### Септември

- Добро ни дојдовте во градинка -одбележување на почетокот на учебната Година
- 8 Септември-ден на независноста на Р.С.Македонија
- 9 Септември – Ден на бабите и дедовците  (традиционални игри)
- 14 Септември- Денот на Таткото
- 20 Септември – Ден на пензионерите
- 22 Септември – Ден без автомобили “
- 12 Септември -Здрави заби“-ден на забите
- 28 Септември -„Љубов за сите“- ден на срцето
- Работилница на тема: „Волшебниот свет на инсектите“,-посета на Природно научен музеј на Република Северна Македонија.

## Октомври

- Детска недела
- Мото на Детска недела
- Денот на детето активности за време на целата недела а се одбележува секоја прва полна недела
- АРТ-КУЛТ УРА- „Ѕвездени перничиња„- Театарска престава
- 4 Октомври-Ги сакаме животните” (одбележување на светскиот ден за заштита на животните)
- ликовни работилници –постер на желби и пораки
- претстави за деца
- спортски игри без граници
- пееме за детските права и желби
- хуманитарна акција
- 5 Октомври- Светски ден на учителот
- 11 Октомври – Ден на Народно востание на македонскиот народ
- 15 Октомври -Светски ден на миење раце и на пешачењето;
- 16 Октомври- Ден на здравата исхрана;
- 20 Октомври ден на јаболкото
- 23 Октомври Ден на македонската револуционерна борба
- 28 Октомври ден на цртаните филмови
- 31 Октомври- Светски ден на штедењето

## Ноември

- 13 Ноември одбележување на празникот на нашиот главен град Скопје
- Вкучување во манифестацијата „Го градиме нашиот град“
- 14 Ноември -светски ден на љубезноста
- 15 Ноември-Ден на книгата Мојата омилена книга
- 17 Ноември одбележување на денот на општината Чучер Сандево
- 21 Ноември Патронен Празник на градинката
- Тиквијада
- Испраќање на есента /цртежи, приредби/
- Овошковци и зеленчуковци во нашата градинка (одбележување на деновите на овощјето и зеленчукот

## Декември

- 3 Декември Одбележување на меѓународениот ден на лицата со посебни потреби
- 8 Декември- СВ.„Климент Охридски„
- 15 Декември – светски ден на чајот
- Новогодишна театарска претстава со воспитно образовниот кадар на ЈОУДГ „МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево
- АРТ-КУЛТ УРА-Новогодишна театарска пртстава „Новогодишен сон„
- Новогодишни празнувања
- Новогодишна работилница
- Новогодишен Базар

## Јануари

- Одбележување на народни обичаи и прослави по повод нашите празници: Коледе,Бадник,Божик,Василица,Водици
- 18 Јануари– светски ден на Снешкото
- 26 Јануари светски ден на образованието за заштита на животната средина

## Февруари

- 11 Февруари – ден на болните
- 20 Февруари – светски ден љубов кон миленикот
- 21 Февруари-меѓународен ден на мајчиниот јазик
- 27 Февруари- меѓународен ден наполарната мечка
- Еко рабтилница: „Рециклирање на стара хартија“
- Од зрно до погача - работилници со жито и житни култури
- Зима, зима снежна бела -зимски активности

## Март

- 1 Март – Мартинки
- 2 Март – светски ден на книгата
- 8 Март- денот на жената
- 18 Март – светски ден на раскажувањето
- 20 март Среќа е...“ – ден на среќата и поезијата
- 21 Март – ден на пролетта денови на Екологијата Земја преку еко активности ( чистење на дворот на градинката, засадување на цветни насади, сеење на семе во зеленчуковата градина, поставување на еко пораки во дворот на градинката)
- 21 Март - Светски ден на лицата со Даунов синдром

- 22 Март –Меѓународен ден на водата
- 27 Март – светски ден на театарот
- АРТ КУЛТ УРА- „Шашарадијада„- Театарска Претстава
- Прочка ( си простуваме и на секого убав збор му даруваме)

**Април**

- 1 Април ден на шегата - учество на манифестацијата Априлијада –дефиле со костими
- 2 Април Меѓународен ден на лицата со Аутизам
- 7 Април ден на здравјето
- 22 Април ден на планетата Земја
- Велигденски работилници
- Велигденски Базар
- Одбележување на народни обичаи и прослави по повод нашиот наголем Христјански празник : Велигден
- 29 Април -светски ден на танцот
- Театар Отпишани-„Music Talent Show„

**Мај**

- 3 Мај -ден на Сонцето
- 5 Мај –денот на Македонската азбука
- 6 Мај – Ѓурѓовден
- 15 Мај -меѓународен ден на семејството
- 24 Мај- Ден на Македонските Просветители „Кирил и Методи„
- 28 Мај -Пеперутка шарена (креативна работилница) – ден на пеперутките
- 29 Мај -завршна приредба Збогум градинке

**Јуни**

- 1 Јуни – меѓународен ден на детето
- 8 Јуни – светски ден на најдобри другари
- 8 Јуни Кој живее во морето“-одбележување на Денот на океаните и морињата
- 24 Јуни – ден на штрковите
- 28 Јуни Се грижам за мојата околина“-одбележување на Денот на заштита на природата
- Реализација на летна рекреативна програма:
  - игри со песок и вода
  - рекреативни игри во дворот
  - креативни работилници со летни мотиви

### Јули

- 6 Јули – ден на бакнежот
- 7 Јули- Чоколадо“-одбележување на светски ден на чоколадото
- Летни натпревари и квизови и рекреативни активности
- 20 Јули – ден на сладоледот

### Август

- 8 Август Мачето мојот пријател“-одбележување на светски ден на мачаката-одбележување на денот на мачките

Во текот на годината децата ќе учествуваат на конкурси за ликовно творештво на разни теми, ќе учествуваат во манифестации во организација на институции блиски на дејноста, ќе се реализираат еко акции и еко кампањи како дел од еко програмата на градинката .

Министерот за социјална политика , демографија и млади во согласност со Законот за празници на Република Северна Македонија во Службен весник ја објавува Програмата за неработни денови. Планирањето на активностите и содржините кои се реализираат во градинката ќе се водат врз основа на календарот за работа, со што истовремено ќе ги одбележиме и значајните датуми. Одбележувањето се организира со уредување на просторот во градинката во знакот на празникот, огласни табли, организирање на прослави, приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции, еколошки активности и слично.Согласно Законот за празници на Република Северна Македонија:

### Програма на неработни денови за 2025 година

Согласно со Законот за празниците на Република Македонија (Сл.весник на РМ број 21/98 и 18/07) во 2025 година неработни денови се:

<u>За сите граѓани на РСМ</u>

- **2 август (сабота), Ден на Републиката,**
- **8 септември (понеделник), Ден на независноста,**
- **11 октомври (сабота), Ден на народното востание,**
- **23 октомври (четврток), Ден на македонската револуционерна борба,**
- **8 декември (понеделник), “Св. Климент Охридски”.**

<u>За граѓаните од православна вероисповед</u>

- **28 август (четврток), Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица).**

## Програма на неработни денови за 2026 година

Согласно со Законот за празниците на Република Македонија (Сл.весник на РМ број 21/98 и 18/07) во 2026 година неработни денови се:

За сите граѓани на РСМ
**• 1 Јануари ( четврток), Нова година;**
**• 7 Јануари , Божиќ,( среда);**
**•20 Март  Рамазан бајрам(петок)**
**•12 Април Велигден (недела) односно 13 Април втор ден Велигден  (понеделник)**
**• 1 Мај ( петок), Ден на трудот;**
**• 24 Мај ( недела)  Св. Кирил и Методиј- Ден на словенските просветители односно 25 Мај (понеделник)**
**• 2 Август ( недела) Ден на Републиката ондносно 3 август (понеделник)**
**• Богојавление, Велигден, Духовден, Рамазан Бајрам и Успение на Пресвета Богородица неработните денови ќе се утврдат Согласно со Програмата за неработни денови на Република  Северна Македонија за 2025/26 година**.

**За граѓаните од православна вероисповед**

- **10 Април Велики Петок**
- **29 мај (петок)- задушница-Духовден**
- **28 август (петок), Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица)**

### 9.1  Еколошки календар

5 Март Светски ден за заштеда на енергија
22 Март Светски ден за заштеда на водите
7 Април Светски ден на здравјето
22 Април Светски ден на планетата
15 Мај Светски ден за заштита на климата
31 Мај Светски ден против пушењето
5 Јуни Светски ден за заштита на животната средина
16 Септември Светски ден за заштита на озонската обвивка
22 Септември Меѓународен ден без автомобили
8 Октомври Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата
15 Октомври Меѓународен ден на пешаците
16 Октомври Меѓународен ден на храната

Сите одбележувања на светски денови и останати празници кои ќе бидат реализирани по месеци ќе бидат детално евидентирани, објаснети во Месечниот план на педагогот на градинката. Истите ќе се евидентираат во педагошката евиденција на воспитно образовниот кадар.

## 10. СОРАБОТКА СО ОПШТЕСТВЕНАТА СРЕДИНА

### 10.1. Соработка со родители

Семејството е примарен и најважен воспитувач на детето. Детското рано учење и развој е поврзано со семејниот контекст каде се гради основата за учење во сите други контексти. Токму затоа треба да се поддржува и зајакнува семејството во оваа негова функција. Предучилишната програма може да ги надополни семејните искуства во процесот на растење и развој на децата преку развој на партнерски односи со родителите.

Партнерските односи помеѓу семејството и градинката се градат преку: взаемна доверба , осетливост и уважување на перспективите на другата страна, постојана отворена комуникација и дијалог, заедничко донесување на одлуки и спремност на компромиси и промени.

Облици на соработка со семејствата:

- формални и неформални консулативни средби и разговори ;
- општи и групни родителски состаноци ;
- вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес преку следење на истиот и активно учество во него (преку прашалници, анкети, интервјуа и сл.);
- групни средби на родители заради решавање на заеднички проблеми и прашања од заеднички интерес ;
- работилници за родители и деца ;
- влкучување на родители во одбележување на манифестации од културен и општествен карактер;
- активности од хуманитарен карактер;
- писмено комуникацирање меѓу воспитно-образовниот кадар и родителите;
- совет на родители;
- редовно информирање на родителот преку стручни написи на влезното пано, изложби на детски ликовни творби, истакнување на темите за работа со децата итн.
- ВЕБ страната на градинката како средство за информирање;

**Септември:**

- Совет на родители (запознавање со програмата за работа, избор на детски списанија и работни тетратки за деца);

- родителски состаноци на ниво на воспитни групи (меѓусебно запознавање, запзнавање со условите за работа, куќниот ред и протоколите во градинката, запознавање со воспитно-образовната програма, потребни материјали за реализација на воспитно-образовната програма, детско списание, работни тетратки.

**Октомври:**

- партиципација во одбелжувањето на Недела на дете, и Светскиот ден на здрава храна (посредно или непосредно во зависност од Протоколите)

**Ноември:**

- учество во одбележувањето на 13 Ноември (изработка од картонажа, хартија, пластика на тема „Го градиме нашиот Град“)
- партиципација во реализацијата на есенската прослава патронииот празник на установата

**Декември:**

- партиципација на родителите во подготовката на новогодишните свечености (израбтка на новогодишни честитки, декорација на ентериерот)

**Февруари/Март**:

- учество на родителите во одбележувањето на актуелните манифестации во градинката:изработки на осмомартовски честитки и првоаприлски маски

**Април:**

- заеднички акции со родителите – уредување на дворните површини

**Мај /Јуни:**

- завршни свечености

**10.2. С о р а б о т к а  с о  о с н о в н и т е  у ч и л и ш т а**

За поголема компатибилност на предучилишното со основното воспитание и образование, соработката ќе се рализира низ следните облици:

-меѓусебно информирање за воспитно-образовните програми, формите и методите за работа ;

-информирање за карактеристиките на одделните деца кои ќе го посетуваат конкретно училиште;

-запознавање на децата од градинката со училишен час и училиштето како институција ;

-размена на искуства и стручно научни сознанија меѓу просветниот кадар од двете институции;

-учество на заеднички јавни манифестации;

-присуство на патрони празници, изложби на изработки и сл.

**10.3. С о р а б о т к а  с о  с т р у ч н и  л и ц а  и  и н с т и т у ц и и**

За успешно реализирање на воспитно – образовната работа во детската градинка, неопходна е соработка со стручни лица и институции:

-соработка со Министерство за социјална политика ,демографија и млади(МСДМ)

-соработка со Министерство за образование и наука (МОН)

-соработка со Биро за развој на образованието (БРО)

-соработка со Центар за социјална заштита

-соработка со Локалната самоуправа

-соработка со Детски градинки на ниво на град и пошироко

-соработка со Завод за ментално здравје и Институт за слух, говор и глас

-соработка со Партизнаски дом Сандево и др

-соработка со медиуми за јавно информирање

-соработка со Универзитет Кирил и Методиј (Филозофски факултет отсек Педагогија, Психологија, Педагошки факултет)

-сорабтка со противпожарна бригада на град Скопје

-соработка со сектор за безбедност во сообраќајот на град Скопје

- Соработка со Црвен крст на град Скопје

## 11. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УСТАНОВАТА ЗА ДЕЦА ЈОУДГ „МИЛО МОЕ“ – Чучер Сандево

За периодот од септември 2025 до септември 2026 година

### 11.1. Потреби и можности за изготвување на програма за професионален развој на вработените во установата за деца

Брзиот општествен и техничко-технолошки развој ја наметнува потребата за квалитетно образование во сите образовни нивоа (подсистеми). Во тој контекст, особено големо значење има обезбедувањето на квалитет во предучилишното воспитание и образование кое го опфаќа периодот на раниот детски развој, а се реализира во установите за деца (градинки). За да може да се реализира оваа мисија и одговори на новото време потребни се компетентни човечки ресурси, односно континурано, лично, стручно и професионално усовршување на вработените во установите за деца. Во исто време тоа значи и создавање на предуслови на кариерен развој на вработените (даватели на услуги).
За реализирање на личното, стручното и професионалното усовршување на вработените, односно поттикнување и поддржување на континуитетот на целоживотното учење, во установите за деца. Можат да се користат различни форми на информално образование (самообразование) и неформално образование.
***Информалното образование*** се стекнува врз основа на секојдневното животно и работно искуство, преку читање стручна литература, користење на материјали од интернет страни, следење емисии од едукативен карактер на електронските медиуми и преку комуникација со другите луѓе пред се со колегите на работа, колегијални разговори. Овој вид образование има своја специфика во образовните институции. Имено, стручните активи на воспитувачите и негувателите, нагледни часови (работа во групи на деца од различна возраст) и многу други форми.
***Неформалното образование*** опфаќа едукативни процеси кои се реализираат преку флексибилни или прилагодени наставни програми и методологија, соодветно на потребите и интересите на вработените во установите за деца. Најпознати и користени форми на неформално образование се семинари, обуки и курсеви, после чија реализација учесниците добиваат сертификати, како потврда за реализирани активности, преку кои се стекнати одредени знаења, вештини, како и формирани ставови за извршување на конкретни работи и работни задачи. Овој вид на образование може да се реализира во различни временски рамки од еднодневни работилници до неколку месечни обуки и курсеви.

Формите на неформалното образование можат да се реализираат *екстерно*, надвор од установата за деца ( организирани и реализирани од МТСП, Бирото за развој на образованието или во рамките на некој проект на разни фондации, амбасади или ѓраѓански здруженија и друго) и *интерни* (во рамки за установата за деца), кои можат да се реализираат со надворешен компетентен обучувач (провајдер на обуката) или со внатрешен обучувач.

Процесот на стручно и професионално усовршување на директорите, воспитувачите, негувателите, стручните работници и соработници, треба да е организиран и систематизиран, па затоа секоја установа за деца треба да изготвува своја годишна програма за професионален развој на вработените.

Во оваа Програма можат да се предвидат некои од следните форми на ***информално и неформално образование:***

**Стандардни форми на стручно усовршување**

- Конгрес
- Конференција
- Симпозиум
- Семинар
- Online курсеви
- Пленарно предавање
- Панел дискусија
- Тркалезна маса
- Работилница
- Стручно патување / Студиска посета

**Колаборативни форми на професионален развој**

- Заеднички акциски истражувања
- Студија на случај
- Заедници за учење
- Студиски групи
- Анализа на воспитно-наставни активности
- Менторска поддршка

**Индивидуални форми на професионален развој**

- Проучување стручна литература
- Пребарување на интернет
- Консултација со експерти
- Анализа на видео снимки од воспитно-наставни активности
- Водење и анализа за портфолио за професионален развој
- Едукација на далечина

**11. 2. Детектирање на потребите и приоритетите за стручно и професионално усовршување на вработените во установата за деца**

Годишната програма за професионален развој на вработените треба да ги интегрира утврдените индивидуални потреби на вработените, врз база на нивни лични согледувања (само рефлексија или самопроценка), но и од евалуацијата (оценувањето) што треба да го спроведува директорот и членовите на организациската единица за менаџирање на човечките ресурси како работно тело во установата за деца.

Состав на организациската единица за менџирање со човечките ресурси како работно тело на установата за деца:

1. Ирена Пигуловиќ - Директор
2. Маја Комненовска – воспитувач
3. Ангела Блажевска– воспитувач
4. Марина Пршевска – неговател

Оваа орагнизациска единица за менаџирање со човечките ресурси спроведе анкетирање во функција на саморефлексија (самопроценка), на вработените, но и ги зеде во предвид и согледувањата од следени и оценка на работата на вработените (извештаии) што ги спроведуваат одговорните лица во установата за деца за таа цел. Врз база на севкупна анализа се утврдени следните потреби и приоритети за кои треба да се реалираат обуки:

**II.2.1** Користам јасен приод за развој на меѓучовечките односи и надминување на конфликти- директор

**II.2.2** Користам различни методи и технички за преговарање и посредување при разрешување на конфликти- директор

**II.3.5** Воспоставувам систем за интерно стручно усовршување на вработените (предавање, работилници)- директор

**III.4.5** Формирам инклузивни тимови- директор

**V.1.1** Обезбедувам примена на законската регулатива во градинка- директор

**I.10** Иницирам и поттикнувам игри за изразување , комуницирање и прифаќање на различностите меѓу децата и децата и возрасните.- воспитувач

**II.1.4** Го разбирам холистичкиот пристап и принципите на интегрално планирање- воспитувач

**II.1.9** Во планирањето и релизацијата на воспитно – образовните активности користам индивидуален пристап и ги мотивирам децата да стекнуваат нови знаења и вештини, водејќи ги во зоната на нареден развој- воспитувач

**III.1.2** Ги познавам протоколите и процедурите за спроведување со кризните ситуации во градинката- воспитувач

**V.1.4** Препознавам структурни, фукционални, културни, врдности и други разлики меѓу семејствата и применувам стратгии за квалитетни инклузивни практики.- воспитувач

**V.2.5** Познавам специфични начини,стратегии и методи за информирање и вклучување на семејството доколку се идентификуваат посебни потреби во улењето и развојт на детето- воспитувач.

**V.3.9** Соработувам со компетентни лица и институции кои можат да придонесат кон јакнење на педагошката едукација и педагошката култура на родителите- воспитувач

**VI.1.5** Соработувам со родителите , стручната служба и институции и стручни лица од заедницата при спроведувањето на различни индивидуални образовни планови на деца- воспитувач

**VI.2.5** Умеам да применуам технили и пристапи кои се во фукција на превенирање и надминување на пречките за вклучување и учество на сите деца во активностите- воспитувач**.**

**I.5** Знам и разбирам на кој начин средината го стимулира целокупниот детски развој и учење(холистички пристап)- негувател

**I.7** Знам за улогата на играта во поттикнување на холистичкиот развој на децата, иницирам и поттикнувам игри за изразување , комуницирање и прифаќање на различностите меѓу децата и децата со возрасните.- неговател

**II.1.3** Крееирам ефективни активности преку кои се јакнат сите развојни домени кај децата- неговател

**II.1.4** Умеам да интегрирам содржини со кои децата учат како да препознаат и избегнуваат штетни и опасни ситуации- неговатл

**II.2.1** Знам и разбирам различни стратегии за рано учење, почитување и развој- неговател

**II.2.3** Ги познавам различните пристапи на учење и развој во кој се почитуваат различностите- неговател.

**II.2.10** Создавам клима каде децата се охрабруваат да се изразат себе си и да комуницираат едни со други меѓусебе, со мене и со другите возрасни вработени во градинката

**III.1.3** Ги познавам стандардите и начините на создавање здрава и безбедна средина- неговател

**III.1.6** Користам методи и алатки за создавање на здрава и безбедна социо- емоционална клима- неговател

**III.2.1** Ги познавам карактеристиките и начините за создавање позитивна клима за учење како основа за ментално здравје и решавањето на проблеми- неговател

**III.2.2** Знам и разбирам дека негователот е креатор на стимулативна средина- неговател
**III.2.7** Одржувам рамнотежа меѓу планираните активности и тие кои што ги иницираат и избираат децата- негоѕател
**V.2.3** Познавам различни начини стратегии и методи за размена на информации на семејството и за негово вклучување во интерес на напредокот на децата во развојот- негоѕател
**V.3.4** Им помагам на семејствата со информации и соодветна поддршка за самостојно користење на ресурсите на заедницата- негоѕател
**V.3.5** Ги поттикнувам и поддржувам позитивните релации на детето со семејството- негоѕател
**VI.1.2** Познавам пристапи кои се користат во надминување на сосотојбата на стрес и траума кај децата со посбни образовни потреби.- негоѕател
**VI.2.3** Ја разбирам потребата од создавање на соодветна средина за образовна инклузија- негоѕател
**VII.1.7** Умеам критички да ги анализирам ефектите од иновациите во воспитно образовниот процес и згрижувачките активности- негоѕател
**VII.2.2** Поседувам знаење за етичките вредности и стандарди во својата професија- негоѕател
**VII.2.7** промовирам еднаквост меѓу децата и почитување на човековите права- негоѕател
**VII.2.8** Моделирам вредности на учење кај децата преку сопствено однесување- негоѕател

Покрај тоа, анализата покажа дека е потребно да се спроведуваат определени акциски истражувања во установата за деца, но и да се аплицира за учество во проекти. Согласно политиката на установата за деца, вработени од истата редовно ќе земаат учество на сите обуки и семинари организирани и реализирани од страна на Министерството за труд и социјална политика, Бирото за развој на образованието или во рамките на некој проект на разни фондации, амбасади, граѓански здруженија и др.

Посебен акцент ќе се стави на т.н. хоризонтално учење, односно преку работата на стручните активи кои редовно ќе одржуваат тематски состаноци на кои ќе се дискутираат и разменуваат искуства и мислења. Освен за размена на професионалното искуство, тимската соработка е многу важна и продуктивна за развивање на отворена комуникација, взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации.

Установата за деца ќе соработува и со јавни установи од локалната средина со цел да се реализираат од нивна страна популарни предавања за вработните во функција на нивен стручен и професионален развој, подобрување на нивните компетенции и перформанси.

**3. План за реализација на активностите од годишната прогарма за професионален развој на вработените во установата.**
**Од горенаведената листа на коментенции за оваа година се избрани следниве компетенции**
**ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ 25/26 год**

| Месец и година | Обуки<br>Предавања<br>Работилници<br>Тркалезни маси | Состаноци на стручни совети и активи / Колегијални разговори | Акциски истражувања<br>Проекти | Стручни патувања<br>Студиски посети<br>Конференции<br>Семинари |
|---|---|---|---|---|
| СЕПТЕМВРИ - 2025<br><br>**I Рано учење и развој на детето**<br><br>**I.10** Иницирам и поттикнувам игри за изразување , комуницирање и прифаќање на различностите меѓу децата и децата и возрасните.- воспитувач<br><br>**I.7** Знам за улогата на играта во поттикнување на холистичкиот развој на децата, | Тркалезна маса | Колегијални разговори | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| иницирам и поттикнувам игри за изразување , комуницирање и прифаќање на различностите меѓу децата и децата со возрасните.-<br><br>**II.2 Унапредување на меѓучовечки односи**<br><br>**II.2.1** Користам јасен приод за развој на меѓучовечките односи и надминување на конфликти-директор<br><br>**II.2.2**Користам различни методи и технички за преговарање и посредување при разрешување на конфликти-директор | Тркалезна маса | Колегијални разговори | | семинар |
| ОКТОМВРИ 2025 | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **II.2 Холистички пристап и интегрално планирање**<br><br>II.1.9 Во планирањето и релизацијата на воспитно – образовните активности користам индивидуален пристап и ги мотивирам децата да стекнуваат нови знаења и вештини, водејќи ги во зоната на нареден развој-воспитувач<br>II.1.3 Креeирам ефективни активности преку кои се јакнат сите развојни домени кај децата-негovател | обуки | Колегијални разговори<br>Актив на воспитувачи/негователи<br><br>Консултативни разговори со вработени од други градинки со повеќегодишно работно искуство | | |
| НОЕМВРИ 2025<br>**III.2 Стимулативна средина за поддршка на** | | Колегијални разговори | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **учењето и развојот**<br><br>III.2.1 Ги познавам карактеристиките и начините за создавање позитивна клима за учење како основа за ментално здравје и решавањето на проблеми-неговател | Работилница со негуватели<br><br>Консултативни разговори<br><br>предавање | Сотаноци со стручен тим | | |
| ДЕКЕМВРИ 2025<br>**V.2 Комуникација, соработка и вклучување на родителите и семејството**<br><br>**V.2.5** Познавам специфични начини,стратегии и методи за информирање и вклучување на семејството доколку се идентификуваат посебни потреби во улењето и | Проучување на стручна литература. Консултација со експерт , психолог, педагог работилници | Индивидуални средби со родители | Анализа на воспитно наставни активности | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| развојт на детето-воспитувач<br><br>**V.2.3**Познавам различни начини стратегиии метод за размена на информации на семејствот и за негово вклучување во интерес на напредокот на децата во развојот-неговател | Консултативни разговори | | | |
| ЈАНУАРИ 2026 | | | | |
| ФЕВРУАРИ 2026<br>**VI.1 Индивидуални образовни потреби**<br><br>**VI.1.2** Познавам пристапи кои се | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| користат во надминување на сосотојбата на стрес и траума кај децата со посбни образовни потреби.-негувател<br><br>**VI.2 Инклузивна средина и пристап за учење**<br><br><br>**VI.2.5** Умеам да применуам технили и пристапи кои се во фукција на превенирање и надминување на пречките за вклучување и учество на сите деца во активностите-воспитувач | Online обука следење емисии од едукативен карактер на електронски медиуми<br><br><br><br>Online обука следење емисии од едукативен карактер на електронски медиуми | Стручни совети и активи<br><br><br><br>Стручни совети и активи | | |
| МАРТ 2026<br>**III.4 Обезбедување кадар , работно воведување и ангажирање** | Обука провајдер за обука Консултативни разговори | Колегијални разговори | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **III.4 .5** Формирам инклузивни тимови-директор | со други градинки | | | |
| АПРИЛ – 2026 **V.1Примена на законски и подзаконски** акти **V.1.1** Обезбедувам примена на законската регулатива во градинка-директор | Обука провајдер за обука Консултативни разговори со други градинки | Колегијални разговори | | |
| МАЈ 2026 | | | | |
| ЈУНИ 2026 **VII.1 Личен професионален развој** VII.1.7 Умеам критички да ги анализирам ефектите од иновациите во воспитно образовниот | Водење анализа на портфолио за професионален развој | Консултативни разговори | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| процес и згрижувачките активности-негователи | | | | |
| ЈУЛИ 2026 | | | | |
| Август 2026 | | | | |

## 12.СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ЗГРИЖУВАЧКИОТ И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

### 12.1. Совет на воспитувачи

**Септември**:

- проследување на Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ„МИЛО МОЕ " – Чучер Сандево за 2024/2025 година (што е сработено, во кои области треба да се подобриме)
- насоки за изработка на план за работа на ЈОУДГ „МИЛО МОЕ"-Чучер Сандево за период 2025/2026 година (план за соработка со родители, избор на проекти и проектни активности, стручно усовршување на кадарот – избор на теми, јавна и културна дејност)
- разгледување на записниците за бројот на децата и бројот на воспитните групи како и распоред на персонал по воспитно-образопвните групи
- орентациони насоки за непречено одвивање на воспитно-образовната работа (анализа на подготвеност на објектите за почеток на работната година, разработка на Протоколи и спроведување на истите)
- договор за изработка на сценарио по повод Недела на дете и патрониот празник на ЈОУДГ "МИЛО МОЕ"- Чучер Сандево
- збогатување на нашиот Курикулум со нови содржини
- набавка на материјали за реализација на темите и проектите
- уредување на патоа за родители, континуирано во текот на целата година

**Октомври:**

- месечно планирање
- договор за одбележување на Светскиот ден на здрава храна
- реализација на свеченоста по повод Недела на дете и (инфраструктура на просторот, синопсис, облека...)

**Ноември:**

- реализација на свеченоста по повод патрониот празник
- месечно планирање како и изработка на нацрти за планираниот пркект „Волшебнио свет на инсектите“
- договор за реализација на на еко работилница по повод 13 Ноември, реупотреба на отпаден материјал (хартија, картонажа, пластика)
- стручно предавање (стручна служба)
- договор за реализација на есенска прослава и одбележување на Денот на хендикепирани деца

**Декември:**

- Договор за одбележување на Нова година (избор на текст , изработка на синопсис,набавка на гардероба,обликување на стимулативна средина...)
- Одбележување на Денот на хендикепирани деца (обработка на сликовник од едицијата „Децата го менуваат светот“-Горица Поповска, составена од седум сликовници кои испраќаат силна порака за промоција на еднакви можности на секое дете. Во секоја од овие сликовници децата се со еден или повеќе ликови со посебни потреби нивното секојдневие и нивното гледање на светот (Мојот брат Тео, Храбриот принц, Моите необични другари, Момчето и кралот лав, Девојчето со необични очи ,)Посебното пајче.

**Јануари:**

- Месечно планирање и договор за одбележување на традиционалните празници Коледе, Бадник и Божик
- стручно предавање , стручна служба

**Февруари:**

- Месечно планирање
- Договор за одбележување на 8 Март и Денот на пролетта
- Стручно предавање од стручната служба

**Март:**

- месечно планирање
- нацрти за планираниот проект „Куклите на Шила„
- предлог синопсис за одбележување на Априлијада 2026 и Денот на планетата Земја

**Април:**

- работилници за рециклирање
- реализација на синопсисот за 22 Април

- декорирање на стимулативна средина по повод Велигден

**Мај:**

- договор за завршни приредби и изработка на индивидуални сценарија
- подготовка на завршен извештај од реализацијата на воспитно-образовната работа
- реализација на завршни приредби
- нацрти за планираниот проект„Волшебниот свет на Инсектите„

**Јуни:**

- презентација на завршни извештаи и насоки за следна педагошка година

## 12.2. Совет на нег вателки

**Септември:**

- анализа на подготвеност на просторот за почеток на работната година
- Договор за реализација на стручно усовршување на неговateлки во реализација на Тим за колегијална поддршка на тема: „Вештини за намалување на стрес подобрување на менталната концентрација , емоционалната свест и олеснување на реактивноста ( континуирано во траење од неколку сесии во текот на годината)
- планирање на згрижувачко воспитни активности во воспитните групи со деца до 2 годишна возраст
- учество во реализација на подготовките за одбележување на Недела на дете и патрониот празник (континуирано во текот на цела година)

**Октомври:**

- учество во реализација на активностите по повод Недела на детето
- учество во реализација на активностите по повод одбележувањето на Светскиот ден на здрава храна

**Ноември**:

- учество во реализација на активностите по повод патрониот празник на ЈОУДГ„МИЛО МОЕ„- Чучер Сандево
- учество во подготовката и реализацијта на активностите по повод празникот 13 Ноември (еко работилница со родители – реупотреба на стара хартија, картонажа, пластика/или организирање на изложба од изработки)
- учество во планирање и реализација на активнстите по повод Есенската прослава

**Декември:**

- Учество во уредувањето на стимулативната средина и изработка на новогодишни честитки по повод новгодишните празници

**Јануари:**

- учество во структурирањето на просторот и реализација на активностите по повод одбележување на традициналните празници Бадник, Божиќ
- стручно предавање, стручен тим

**Февруари:**

- договор за одбележување на празниците 8 Март и Ден на пролетта (уредување на пристор, паноа, изработка на честитки и помош при реализација на активностите)
- Стручн предавање, стручен тим

**Март:**

- учество во реализација на планираните активности за 8 Март
- учество во реализација на планираните активности за Ден на пролетта
- договор за одбележување на Априлијада 2026г.
- Договор за одбележување на Ден на планетата земја

**Април**:

- декорирање на стимулативна средина по повод Вилигденските празници
- одбележување на 1 Април – Ден на шегата
- одбележување на 7 април – Ден на здравјето
- одбележување на 22 април – Ден на планетата земја

**Мај:**

- -учество во обликувањето на стимулативна средина за презентација на актуелните проекти
- -учество во реализација на завршни приредби

**Јуни:**

- -учество во реализација на завршни приредби
- -валоризација на воспитно-образовната работа
- -договор за летна организација на работата

## 13. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТ РОТ

Директорот на Установата во учебната 2025/2026 година своите ангажирања ќе ги насочува кон целосно реализирање на програмските задачи, а воедно ќе биде и главен организатор и координатор на целокупната дејност на детската градинка. Директорот работата ќе ја реализира во рамките на Законите, задачите и надлежностите кои се утврдени со Статутот и актите на Установата, а ќе биде насоченакон следните подрачја: Глобални цели за развој на градинката . Приоритетна цел за која ќе се залага Директорот оваа година ќе биде стучно и ефикасно водење на целокупната работа на Установата од секој аспект, комуникација со Градоначалникот на ОЧС и Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСДМ) во однос на изнаоѓање решение за изградба на нова градинка или изнаоѓање простор за прифаќање на што поголем број на деца , со тоа и отворање на нови воспитни групи, нови вработувања и подобрување на стандардите на децата и на вработените во Установата и изнаоѓање спонзорства и донации, кои ќе имаат за цел да го подобрат животот на децата во Установата. Основни принципи за развој на градинката За реализирање на горенаведените цели, како и остварување на целокупната дејност во градинката, Директорот ќе се раководи од следниве принципи, кои ќе бидат приоритет во работењето:

- хармонизирање на работата на кадарот, распоредување на работата и работните задачи и подеднакво оптоварување на вработените.
- поттикнување совесност и одговорност во процесот на извршување на работните задачи од страна на сите вработени, со целисходна и јасна ориентација во остварувањето на дејноста.
- мотивирање на згрижувачкиот и воспитниот кадар, како носители на дејноста, во зголемено ангажирање за постигнување на поголеми резултати во реализацијата на воспитно -образовниот процес-максимално искористување на стручните потенцијали на вработените и создавање услови за натамошно стручно усовршување на истите.
- принцип на чесност и работливост во раководењето.
- почитување на детската личност од секаков аспект и забрана на било каков вид на дискриминација на децата кои веќе престојуваат во градинката.
- создавање услови за оптимален развој на детето, на физички, социјален, емоционален и интелектуален план.
- Почитување на индивидуалните разлики кај децата во степенот на развој на способностите и интересите.
- создавање на здрава емоционална клима и работна, стимулативна атмосфера меѓу вработените и родителите, кои претставуваат важен партнер и фактор во релацијата дете-градинка.

- Во однос на концепциско-програмската работа, Директорот ќе ги реализира следниве активности:
- изработка на Годишна програма за работа на градинката
- изработка на Годишна програма за работа на директор
- анализа на работата и постигнувањата во тек на целата педагошка година
- изработка на Годишен извештај за рабтата на градинката
- планирање на состанци на стручен совет, Совет на воспитувачи, Совет на негователки
- изработка на план за стручно усовршување во и вон градинка
- изработка на програма за јавни манифестации во соработка со носителите на манифестациите
- следење на спроведувањето на задачите од Развојниот план на установата
- учество во работата на Управниот одбор, Совет на родители
- поддршка и помош во изработката на програмите за работа на воспитувачите и стручната служба во текот на годината

**Организација на работата во градинката:**

- спроведување на јавни уписи
- координација на работата на сите запослени
- грижа за одговорниот однос на вработените кон севкупниот имот на градинката
- редовна посета на сите објекти
- иницирање на иновации и работа на унапредување на воспитно-образовниот процес во тек на целата година
- учество во подготовката и реализацијата на проектните активности во и вон ЈОУДГ

**Советодавна дејност:**

- воспоставување на позитивна комуникација и клима во установата
- советување и соработка со новопримените вработени
- советување и соработка со стручниот тим
- соработка и советување со надворешни стручни лица и установи
- советување и соработка со родители

**Административни работи:**

- склучува договор за вработување
- склучува договор со добавувачи во тек на цела година
- изработка на план за годишни одмори
- издава решенија за користење на годишни одмори
- ја следи примената на законите и подзаконските акти и стручно се усовршува во тој домен
- донесува одлуки од делокругот на работењето

**Финансиско сметководствени работи:**

- учество во изработка на финансовиот план за тековната година
- изработка на план за набавка
- правовремена исплата на плати на вработените
- учество во изработка на полугодишен и годишен финансов извештај за тековната година
- контрола на нарачки, доставници и сметки
- одобрување на исплати

**Соработка:**

- соработка со родители и унапредување на истата
- соработка со Градоначалник и општина Чучер Сандево
- соработка со Управен одбор: дневен ред, подготовка на материјали за седница,поднесување на извештаи , учество во работата, спроведување на донесените одлуки
- соработка со МСДМ, Биро за развој и надлежните инспекциски служби
- сработка со јавните установи и претпријатија на ниво на општината и градот
- соработка со училиштата и градинките на ниво на општината и град Скопје

**Застапување и претставување на градинката:**

- ја застапува градинката на јавни медиуми
- ја претставува градинката на конгреси , семинари, приредби, презентации...

**Стручно усовршување:**

- изработка на програма за стручно усовршување во соработка со стручниот тим на установата
- се грижи за реализација на планот за стручно усовршување
- учествува во работата на стручните тимови во разработка на одредени теми
- учество во работилници, предавања, семинари
- организира работилници,предавања, семинари во градинката

**септември**

***1 недела*** - изготвување на годишна програма за работа на детската градинка за 2025/26 год (стручни служби ,стручен колегиум, воспитувачи)

***2 недела***-обезбедување услови за почеток на учебната година(воспитувачи )

***3 недела***- следење,насочување и давање помош во работењето на одговорните воспитувачи(одговорни воспитувачи на објекти)

***4 недела***-запознавање со педагошката документација и насоки за правилно водење и следење на педагошките насоки од стручни институции.(Стручни служби, стручен колегиум ,воспитувачи)

**Октомври**

***1 недела***-изготвување на извештај за активностите реализирани во месец септември(директор)

***2 недела*** следење на реализираните активности (директор)

***3 недела***- следење и насочување на работата на сите вработени(директор)

***4 недела***-консултации и советувања со вработените со цел да се подобрат констатираните недостатоци(стр колегиум,воспитувачи ,негователи)

**ноември**

***1недела***- изготвување на извештај за активностите реализирани во месец октомври( директор)

***2 недела***- изработка на план за активностите за месец ноември(стручен колегиум директор)

***3 недела***- следење на реализираните активности (директор)

***4 недела***-тековни активности директор

**декември**

***1 недела***-изготвување на извештај за активноститереализирани во месец ноември(стручен колегиум,директор)

***2 недела***-изработка на план за активностите за месец декември(директор)

***3 недела*** подготовки за новогодишните активности (стручен колегиум)

***4 недела*** увид во педагошката документација( стручни органи)

**јануари**

***1недела***-подготовка за извештај за месец декември стручен колегиум(директор)

***2 недела***-изработка на план за месец јануари стручен колегиум(директор)

***3недела***-следење на работата на пописната комисија комисија за попис

***4 недела*** -консултации со стручни соработници( директор)

**февруари**

***1недела***-подготовка за извештај за месец јануари (стручен колегиум, директор)

***2недела***-изработка на план за работа за месец февруари(стручен колегиум директор)

***3недел***а-следење на непосредната реализација на содржините на воспитно-образовни активности (директор)

***4недела***-увид во педагошката документација( директор)

**март**

***1недела***-изготвување за извештај за реализираните активности за месец февруари (директор)

***2недела*** изработка на план за работа за месец март (стручен колегиум, директор)

***3недела***- консултации со воспитувачи

***4 недела***- унапредување на дејноста на сите полиња(хигиена, исхрана, меѓучовечки односи)стручен колегиум цел персонал

**април**

**1 недела** -подготовка за извештај за активностите реализирани во месец март (стручен колегиум, директор)

***2 недела***-изработка на план за активности за месец април (стручен колегиум, директор)

***3 недела*** -следење на реализацијата на планираните активности (директор)

***4 недела***-консултации со вработените за унапредување на дејноста (воспитувачи, негователи)

**Мај**

***1 недела*** подготовка за извештај за активностите реализирани во месец април (стручен колегиум, директор)

***2 недела*** изработка на план за активности за месец мај( стручен колегиум директор)

***3 недела*** следење на реализацијата на планираните активности (воспитувачи )

***4 недела*** лично стручно усовршување (директор)

**Јуни**

***1 недела*** изготвување на Годишен извештај за работа на детската градинка стручен колегиум стручна служба

***2 недела*** извештај за реализација на воспитно-образовната работа (совет на воспитувачи советна негователи)

***3 недела*** извештај за реализација на материјално сметководство недела финансиското работење

***4 недела*** увид во педагошката документација (директор)

**јули**

***1 недела*** -изработка на план за работа во летниот период (воспитувачи негователи)

***2 недела*** тековни активности (директор)

***3 недела*** констатирање на недостатоци на дејноста цел персонал

***4 недела*** -консултации и советувања со вработените со цел подобрување на констатираните недостатоци ( воспитувачи )

**Август**

***1 недела*** -изработка на план за работа за месец август (директор)

***2 недела-*** извештај за работа во летниот период (директор)

***3 недела*** -изработка на план за формирање на групи и распоредување на вработените (директор стручен колегиум)

***4 недела***-формирање на групи и давање насоки заизработка на Годишната програма за работа( директор)

## 14. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ

**Основните цели и задачи на педагогот ќе бидат насочени кон:**

- Организација, следење, истражување и унапредување на воспитно-образовниот процес
- Учество во изработка на Годишен план и програма за работа на установата, -- Учество во изработка на Извештајот за работа на установата.
- Јакнење на компетенциите на воспитно-образовниот и згрижувачки кадар, помош во реализацијата на програмата за стручно усовршување и нивно целоживотно образование.
- Остварување на соработка и партнерство на градинката и родителите, примена на различни облици на соработка и решавање на воспитно-образовните проблеми
- поттикнување на тимска работа помеѓу вработените
- јавно презентирање на воспитно-образовната работа на градинката

**Подготовка за реализација на Програмата за работа:**

- Учество во изработката на Програмата за работа на установата
- Изработка на сопствена програма за работа
- Учество во изработка на Годишниот извештај на установата

Непосредна и посредна работа со деца:

- Педагошки увид во непосредната работа со деца во воспитните групи
- Следење и проценка на актуелните потреби на децата
- Учество во оплеменувањето на животната средина на децата
- Работи поврзани со уписот на децата во новата педагошка година
- Иницијални интервјуа со родителите а во соработка со стручниот тим
- Вклучување во процесот на олеснување на адаптацијата на децата
- Следење на детскиот развој  а со цел понуда на адекватна воспитно –образовна работа во согласност со нивните специфики
- Индивидуална работа со деца
- Учество во подготовка на децата за различни културно-уметнички и спортски активности

**Непосредна работа со воспитно-образовниот и воспитно-згрижувачкиот кадар**

- Следење и помагање на кадарот во унапредувањето на воспитно-образовниот процес

- Мотивирање на кадарот и воведување на иновации во воспитно-образовната работа со деца
- Помош на кадарот во рефлексијата на воспитно-образовната пракса
- Поттикнување на тимската работа на кадарот
- Планирање на родителски состаноци на дадена стручна тема
- Помош и поддршка на кадарот во интеракција со родителите
- Помош на кадарот во подготовка на претстави, еко-активности, естетско уредување на просторот и осмислување на забавни содржини
- Сугерирање на активности за поттикнување на детскиот развој, посебно за децата со посебни едукативни потреби
- Консултативно-советодавна работа со кадарот
- Помош на кадарот при работа на проекти
- Вовед на приправниците во работата
- Следење на педагошка документација во насока на утврдување на нејзина функционалност
- Учество во изборот и реализација на теми на стручните совети
- Креирање на поволни услови за работа во внатрешниот и надворешен простор на градинката
- Учество во естетското уредување на градинката по повод најразлични прослави
- Учество во тимското планирање на воспитно-образовниот кадар

**Водење на педагошка документација**

- Преглед на педагошката евиденција на воспитно-образовните групи
- Советувања во врска со педагошката евиденција
- Водење евиденција за адаптација на децата во градинка
- Водење евиденција за деца со посебни едукативни потреби
- Сопствена педагошка евиденција (годишна и среднорочна програма за работа, извештаи, електронска евиденција...)
- Пригодни анкети

**Соработка со родители**

- Спроведување на иницијални разговори со родители при упис на деца
- Индивидуална советодавна работа со родители
- Подготовка и реализација на едукативни активности со родители
- Подготовка и реализација на активности за вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес
- Информирање, советување и комуникација со родителите по пат на: индивидуални разговори, групни разговори, родителски состаноци, катчиња за родители...
- Изработка на едукативни материјали за родители

***Стручно усовршување:***

- Следење на стручна литература
- Учество во организација на поедини облици на стручно усовршување и учество во нив
- Реализација на стручни теми на Совет на воспитувачи и Совет на негователки
- Предлагање на стручна литература за/на кадарот
- Учество на стручно-научни собири
- Изработка на материјали за web site на градинката

**Соработка со општествената средина**

- Соработка со образовни, здраствени, социјални, научни, културни и други институции кои допринесуваат во реализацијата на целите и задачите на воспитно-образовната работа на градинката

***септември***

- учество во изготвување на годишната програма за работа на Установата за учебната 2025/26 год.
- учество во подготовки за почетокот напрограмската година;
- учество во формирањето на воспитните групи;
- учество во подготвување на акциони планови за реализација на проектни активности;
- изготвување предлог игри и активности за работа во јаслените групи;
- совети и препораки за поуспешна и полесна адаптација на ново запишаните деца;
- поддршка на вработените во водење педагошка евиденција и документација во писмена и електронска форма;
- информирање и советување на родителите околу прием,престој и полесна адаптација на децата во градинка

***октомври***

- учество во месечното планирање навоспитно- образовната работа по воспитнигрупи;
- учество во планирање и организирање на активности по повод одбележување на Детската недела;
- следење на реализацијата на воспитно-образовните активности на воспитниот кадар(водење евидентни листови);  индивидуални разговори со родители;
- идентификување на деца со несоодветно однесување и развојни потешкотии, мерки за подобрување на состојбите;
- учество во планирање и реализација на проектни активности и јавни манифестации;

***ноември***

- учество во месечното планирање на воспитно- образовната работа во воспитните групи;
- следење на реализацијата на воспитно-образовните активности (водење на евидентни листови);
- следење и индивидуална работа со деца со потешкотии во развојот;
- планирање на активности за одбележување на 13ти, 14ти и 27ми Ноември;
- учество во планирање на активности по повод испракање на есента и тиквијада.

***декември***

- учество во месечното планирање на воспитно- образовната работа во воспитните групи;
- следење на педагошка евиденција и документација на воспитувачите и давање насоки за нејзино подобрување;
- планирање на активности по повод одбележување на Нова Година;
- следењена напредувањето кај децата;
- учество во месечното планирање на воспитно-образовната работа во воспитните групи;
- следење на реализацијата на воспитно-образовните активности на воспитниот кадар;
- проверка на електронската педагошка евиденција по воспитно-образовните групи.
- учество во планирање и реализирање на еко кампањата;
- следење на напредувањата и достигнувањата на децата и инструментите во развојното портфолио;
- учество во планирање и реализација на проектни активности и јавни манифестации.

***Јануар-февруари***

- Учество во месечното планирање на воспитно-образовната работа во воспитните групи
- Следење на реализацијата на воспитно-образовните активности на воспитниот кадар
- Проверка на електронската педагошка евиденција по воспитно-образовните групи.
- Учество во планирање и реализирање на еко кампањата.
- Следење на напредувањата идостигнувањата на децата и инструментите во развојното портфолио.
- Учество во планирање и реализација на проектни активности и јавни манифестации.

***Март –Април***

- учество во месечното планирање на воспитно-образовната работа во воспитните групи;
- следење на реализација на воспитно-образовни активности на воспитниот кадар(евидентни листови);
- следење на напредувањето на децата;
- планирање и организирање на одбележување на Денот на мартинките,Денот на жената, Првиот ден на пролетта, Ден на водите; Денот на раскажувањето, 1ви Април денот на шегата, Денот на здравјето, Денот на Планетата Земја и Денот на театарот;
- следење на развојот на децата;

***Мај***

- учество во месечното планирање на воспитно-образовната работа во воспитните групи;
- учество во тимската работа за планирање и организирање на завршни приредби и одбележување на денот на градинката;
- проценка на подготвеноста на децата од големите групи за поаѓање во училиште;
- проценка на успешноста за социјална инклузија на децата со попреченост воразвојот.

***Јуни***

- подготовка за учество на завршниот состанок на советот на воспитувачи-негуватели, анализа за реализацијата на Годишната програма и донесување заклучоци за истата;
- договори, совети и насоки со воспитно образовниот тим за работењето во летниот период;
- изготвување на извештај за својата работа;
- проверка на постоечките воспитно-образовни групи и планирање на воспитните групи за следната програмска година;
- Учество во работата на комисијата за прием на деца.

***Јули-август***

- учество во подготовка на Годишниот извештај за работата на Установата;
- изготвување на програма за својата работа во наредната програмска година.
- разработка на стручна литература од доменот на својата работа.
- проверка на педагошката евиденција и документација.

# 15. ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПСИХОЛОГОТ

**Области на работа:**

Планирање и програмирање на воспитно –образовната и воспитно-згрижувачката работа

- Учество во изработката на Годишната програма за работа на установата
- Изработка на сопствена програма за работа
- Учество во изработката на Годишниот извештај на установата
- Учество во осмислување и изработка на акциони планови и предлог проекти кои ќе допринесат за унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес
- Учество во изборот на дидактички материјал

**Следење и вреднување на воспитно-образовната работа**

- Учество во континуирано следење и вреднување на стандардите на постигнување преку квалитативна анализа на постигнувањата на децата и препораки за унапредување на постигнувањата
- Учество во изработка на индивидуални планови и следење и вреднување на постигнувањата кај децата
- Следење и вреднување на ефектите од иновативните активности и акционите проекти
- Учество во истражување кое се спроведува во рамките на самоевалвација на работата на градинката (инструмент за проценка, квалитативна и квантитативна анализа, на проценка на добиените резултати)

**Работа со воспитно-образовниот и воспитно згрижувачкиот кадар**

- Советодавна работа насочена кон унапредување на следење на детскиот напредок во функција на поттикнување на детскиот развој и учење
- Стручна поддршка на кадарот по однос на задоволување на потребите на детето/групата (нега, поттикнувачки игри, активности)
- Поддршка на воспитувачите во планирањето на воспитно-образовната работа со деца посебно прилагодување на активностите кај деца со посебни едукативни потреби
- Поддршка на кадарот во јакнење на компетенциите во областит на : комуникација и соработка, конструктивно решавање на проблеми, организација на средината и дидактичкиот материјал

- Во соработка со воспитувачите и стручниот тим изработка на индивидуален воспитно-образовен план
- Подршка на кадарот во работата со деца на кои им е потребна дополнителна образовна поддршка
- Поддршка на воспитувачите во работата со родители
- Поддршка на тимската работа преку поттикнување на зеднички активности, задачи

**Работа со деца**

- Следење на процесот на адаптација и подршка на децата со потешкотии во адаптацијата
- Учество во тимско:идентификување на деца со посебни образовни потреби на кои им е потребна поддршка во процесот на учење и осмислување и следење на реализацијата на индивидуалниот пристап при работата со овие деца
- учество во формирање на воспитно-образовни групи
- Советодавно-инструктивна работа со деца кои имаат проблеми во учењето, развојни емоционални и социјални потешкотии,проблеми на адаптација и проблеми во поведението
- Помош на децата во акцидентни кризи

**Работа со родители/старатели**

- Советодавна работа со родители чии деца имаат потешкотии во учењето, поведението, развојот
- Јакнење на родителските воспитни компетенции преку информирање за психолошките карактеристики на децата преку индивидуални консултации
- Учество во реализацијата на програмата за соработка со родители
- Соработка со Советот на родители, по потреба, нивно информирање и давање на предлози за прашања кои се разгледуваат на Советот

**Работа со директор, стручни работници и соработници, соработка со стручни органи и тимови**

- Работа на подготовка на документи на установата, прегледи , извештаи, анализи
- Организирање на предавања, работилници за кадарот и родителите
- Заедничко учество во подготовка и реализација на стручни предавања, работилници за деца, вработени , родители
- Заедничко разгледување на приговори и жалби од родители
- Учество во работата на Совет на воспитувачи, Совет на негователки, Стручен совет (активности од значение за воспитно-образовната работа и јакнење на компетенциите на воспитувачите и негователките)

- Учество во работата на тимовите на установата кои се формираат поради реализација на одредени задачи, програми, проекти
- Учество во работата на стручните активи за развојно планирање

**Соработка со општествената средина**

- Соработка со образовни, здраствени, социјални, научни, културни и други институции кои допринесуваат во реализацијата на целите и задачите на воспитно-образовната работа на градинката

**Учество во работата на стручни здруженија**

- Водење на сопствена евиденција (Годишно планирање, среднорочно планирање, дневна евиденција, и евиденција од работата со деца)

## 16. РАБОТА НА АДМИНИСТРАТИВНО, ФИНАСИСКО- СМЕТКОВОДСТВЕНО И ТЕХНИЧКИ КАДАР

- Извршителите на финансиско-сметководственото работење ќе се грижат за реализирање и остварување на :
- подготовка и изработка на финансов план;
- евидентирање на сите книговодствени работи;
- евиденција на сите уплати-исплати и присутни деца;
- изготвување на платни списоци на вработените;
- изготвување на платни списоци за лицата ангажирани преку АПВ;
- следење на состојбата на наплата на обврски на родителите кон градинкатаза престој во градинка;
- изготвување извештаи и слично.
- Извршителите за подготвување на храната (готвач,помошник готвач, ) ќе се грижат за:
- поквалитетно снабдување и подготвување на храната за децата, запазувајќи ги нормативите и стандардите за исхрана на деца;
- ќе се придржуваат на пропишаната листа на јадења;
- ќе водат сметка за естетската и хигиенската состојба на кујната.
- ќе настојуваат во голема мерка да придонесат и во континуитет да ги реализираат потребните постапки за имплементираниот НАССР стандард.
- Работниците за одржување на хигиената на просториите, редовно и уредно ќе ги запазуваат максималните хигиенски услови, а особено внимание ќе посветат на одржување на хигиената во кујните и другите простории каде што престојуваат децата. Ќе вршат редовна дезинфекција на санитарните јазли, инвентарот и

останатата опрема во установата, а најмалку два пати месечно ќе вршат генерално чистење на објектите.

- Извршителите за одржување на хигиената на постелнината на децата ќе се грижат на време и уредно постелнината да биде испрана и испегланаи транспортирана (испратена ) по објекти.

## 17. ТЕКОВНО – ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ

Јавна Општинска Установа за деца Детска Градинка “МИЛО МОЕ” – Чучер Сандево ,во рамките на Програмата за работа во 2025/2026 година ги утврдува потребите од тековно и инвестиционо одржување на објектот, како и потребите од дополнување и занена на основните средства
Како и секоја година , така и оваа ја започнуваме во Септември со изработка на Предлог финансов план кој подлежи на промени и не е дефинитивен. Истиот е еден вид проформа, но ни дава можност да направиме корекција за сите дополнително пројавени потреби или нови идеи на истиот, до месец Ноември, кој откако ќе се добие износот на дотации од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади, се усвојува од страна на Советот на општината . Секако, сите набавки од Планот за Јавни Набавки се условени и усогласени со Финансовиот план, но сепак постои можност со Ребаланси и Пренамени да се до- обезбедат средства во сите три сметки со кои функционира Установата,а составен дел на Финансовиот е и Планот на Јавни набавки кои се надополниваат и еден без друг неможат.Секоја година при подготовка на овие два плана мора да се прави план колку ќе може да се инвестира зависно од финансиите, од бројот на децата кои посетуваат градинка, но уште поголем фактот дека износот на партиципација е долго време непроменет и не е доволен за да се подмират сите потреби но се прават максимални напори за истото.
Она што е планирано за оваа година е:

- Да се добијат согласности за редовно вработување на дел од вработените кои се вработени преку Агенција за привремени вработувања .
- Зголемување на бројот на креветчиња ,столчиња, постелнина и се што е потребно за секојдневната рутина на децата и персоналот.
- Набавка на уште две колички за разнесување на храна до занималните .
- Набавка на уште една правосмукалка потребна за технички персонал.
- Да се санираат одредени недостатоци во одделни занимални во објектот, и покрај тоа што секоја година се вложува во нивно обновување, потребно е нивно обновување и одржување. (санација на ѕидовие во занималните под прозорците, стругање и лакирање на постоечкиот паркет, промена на венецијанките со фолии за стакло во занималните каде што не се променети).

- поставување на сончеви колектори -фотоволтајци кои ќе овозможат заштеда на електричната енергија односно намалување на високите сметки за електрична енергија.
- набавка на играчки и дидактички материјали односно доопремување на занималните со играчки и дидактички матријал како и креветчиња за во занималните.
- Поставување на плексиглас на тераста поради одржување на активност во секое доба од годината, и заштита на надворешните ѕидови кај прозорците од влегување на вода кога врне.
- Набавка и монтирање на клима уреди во просториите каде недостасува ( канцеларии, мултифункционална сала)
- Набавка на дрвено театарче за куклени претстави
- Набавка на облека за децата потребна за културни манифестации(патронен празник, нова година, 8 Март, проекти, завршни протедби.
- Збогатување на библиотечниот фонд со стручна литература и литература за деца;
- Набавка на две колички за достава на храна до занумалните(доручек, ручек)
- Набавка на мала косилка за косење на трева
- Промена на дотраената пумпа за парно на електрична енергија (рецикулациона пумпа со фланша)
- Работа во дворот на градинката, изградба на потпорен ѕид на влезот во градинката односно на влезот на паркинг просторот наменет за вработените и родителите, промена на дотраената ограда на страничниот и задниот дел на градинката, изградба на песочарник во дворот на градинката наменет за игра и релексација на децата
- Хортикултурно уредување на дворните површини и дополнување со реквизити , и покрај тоа што секоја година се вложува во нивно обновување , потребно е нивно обновување и одржување.
- Уредување на сообраќајно- едукативен полигон во дворниот простор на градинката.

Дел од средствата за реализирање на тековно и инвестиционото одржување ќе се обезбедат од самофинансирачката сметка на Установата, а дел од средствата се планира да бидат обезбедени од општина Чучер Сандево и Министерството за труд и социјална политика, како и спонзорства и донации

## 18. ВИЗИЈА НА ГРАДИНКАТА

ЈОУДГ „МИЛО МОЕ“- Чучер Сандево во иднина ја гледаме како современ дом за сите деца, особено вклучувајќи ги децата од руралните средини, како и социјална инклузија на загрозени целни групи. Со континуирано оддржување и обновување напостоечкиот објект, ќе придонесеме за целосно згрижување на децата во општината.

За развој на нашата градинка сметаме дека е потребно да се спроведат повеќе активности и тоа:

- Работа на енергетско ефикасни проекти;
- Едукација кај децата и родителите и подигање на еколошката свест за глобалните еколошки проблеми;
- Афирмација на градинката ;
- Вклучување на родителите и претставниците на општествената заедница и бизнис секторот во животот на градинката ;
- Изучување на вопситно – образовните содржини преку што поголем број на посети и прошетки;
- Вклучување на идеите на родителите во Програмата за работа на градинката, согласно со законот.
- Ќе продолжиме континуирано да го зголемуваме квалитетот на воспитно – образовниот процес преку:
- Овозможување на професионално усовршување и напредување на стручниот и воспитно-згрижувачкиот кадар;
- Современа, модерна, ефикасна и квалитетна развојна средина, приспособена според потребите и интересите на децата и нивните семејства, а втемелена на заемното дејствување меѓу: *Градинка - дете – општествена средина*.
- Зголемување на разновидноста и достапноста на различни видови на стручно усовршување.

-

МИСИЈА

Градинката да го реализира максималниот потенцијал за развој, да обезбеди заштита, грижа и нега на секое дете, да се да создаде богата и стимулативна средина за развој, воспитување и учење на децата, која е во согласност со современите сознанија за детскиот развој

ВИЗИЈА

Да станеме предучилишна установа која користејќи ги своите ресурси и ресурсите на околината во која работи - реализира различни современи програми и модели на едукативна работа со децата и семејствата, во согласност со Општите принципи на предучилишната програма, овозможувајќи му на секое дете да биде на свој уникатен начин компетентен соработник на возрасните во создавањето на услови за изразување на детските потенцијали... да го направиме секое дете: сигурно, независно, задоволно, слободно, одговорно, независно, успешно...

Бр.01-__________/_______

______________.2025 година

ЈОУДГ „МИЛО МОЕ„
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР
Сашо Кајсторовски
______________________

директор
Ирена Пигуловиќ
______________________